

# БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ВО ВРЕМЕ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА

unite for
children

unicef

# БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ВО ВРЕМЕ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА

Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје
октомври 2009

Оваа студија е подготвена од др. Маја Геровска Митев од Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факулет, Скопје

Теренски истражувања: Центар за истражување и креирање политики

Изнесените гледишта се на авторот и не ги одразуваат нужно политиките и гледиштата на УНИЦЕФ.

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

364.4-053.2/.6(497.7)”2008/09”

GEROVSKA Mitev, Maja
The well-being of children and young people in dificult economics times / [by Maja Gerovska Mitev]. - Skopje : UNICEF, 2010. - 82 стр. ; 21cм

Библиографија: стр. 68-70. - Содржи и: Annex

ISBN 978-9989-116-54-4

а) Социјална заштита на деца и млади – Македонија – 2008-2009
COBISS.MK-ID 82515978

# БЛАГОДАРНОСТ

Авторот би сакал да им се заблагодари на сите соработници во реализацијата на оваа студија, а особено на вработените во Центарот за истражување и креирање политики: Жидас Даскаловски. Никола Сталевски, Ана Мицковска и Башким Бакиу. Авторот би сакал да им изрази особена благодарност на надворешните експерти, ангажирани од страна на Центарот за истражување и креирање политики, проф. Сашо Кожухаров, проф. Марија Доневска и Светлана Трбојевиќ, за нивната продлабочена и систематска анализа во врска со регионалната анкета на УНИЦЕФ за влијанието на кризата. Конечно авторот би сакал да и се заблагодари на Канцеларијата на УНИЦЕФ за практичните насоки и поддршка. На крајот, посебна благодарност им се упатува на сите анкетари и анкетирани во анкетата на теренот и на учесниците во фокус групите ангажирани во процесот на изработката на оваа студија.

# КРАТЕНКИ

**УПТ** - Условни парични трансфери

**ЕУ** - Европска Унија

**ФФЕ** - Фондација Фридрих Еберт

**БДП** - Бруто домашен производ

**ММФ** - Меѓународен монетарен фонд

**МРЦ** - Милениумски развојни цели

**МИКИ** - Мултииндикаторско кластерско истражување

**МКД** - македонски денар (валута)

**НБРМ** - Народна банка на Република Македонија

**КБ** - Комерцијална банка

**УНИЦЕФ** – Детски фонд на Обединетите нации

**УНДП** - Програма за развој на Обединетите нации

**ДДВ** - Данок на додадена вредност

# СОДРЖИНА:


| | |
|---|---|
| Кратенки | 4 |
| Извршно резиме | 7 |
| Вовед | 11 |
| ПРВ ДЕЛ: ЕКОНОМСКИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ ДИМЕНЗИИ НА КРИЗАТА | 15 |
| Економската димензија на кризата и нејзиното влијание врз домаќинствата | 15 |
| Социјалната димензија на кризата и нејзиното влијание врз домаќинствата | 18 |
| Одговорот на Владата на економската криза | 23 |
| ВТОР ДЕЛ: БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ВО ВРЕМЕ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА - РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО | 29 |
| Методологија | 30 |
| Животен стандард | 34 |
| Образование | 41 |
| Здравје и исхрана | 47 |
| Домување | 50 |
| Слободно време | 53 |
| ТРЕТ ДЕЛ: КЛУЧНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ | 61 |
| Клучни наоди | 61 |
| Препораки | 66 |
| Референци | 68 |
| Анекс | 70 |



# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Главна цел на оваа студија е да се утврдат и анализираат ефектите на тековната глобална економска криза врз благосостојбата на децата и младите во Поранешна Југословенска Република Македонија. Дополнителна цел е да се обезбеди проценка на ситуацијата кај најранливите категории на семејства во општеството во време на економската криза.

Со таа цел, оваа судија тргнува од следните клучни претпоставки во врска со можното влијание на финансиската криза врз благосостојбата на децата:
(i) зголемување на на невработеноста, намалување на платите и поголема нерегуларност во исплаќањето на платите при што сите заедно имаат негативно влијание врз способноста на домаќинствата да им обезбедат на децата редовен пристап до основните потреби и услуги;
(ii) намален пристап до образовниот процес и послаби постигања во образованието;
(iii) намалување во остварувањето на правото на децата на основна здравствена заштита и соодветно влошување на детското здравје;
(iv) намалување на трошењето на домаќинството за домување и за потребите на децата; и
(v) намалување на слободното време и рекреацијата на децата како резултат на потребата да се ангажираат во дополнителни економски активности за да ги надополнат намалените приходи во семејството.

Овие претпоставки се изведени врз основа на промените кои се случуваа во домаќинствата и меѓу децата и младите во последните дванаесет месеци (од септември 2008 до септември 2009).

Методологијата употебена во оваа студија се состои од комбинација на квалитативни и квантитативни истражувања. Квалитативните истражувачки методи вклучуваа критички преглед на литературата за политиките и истражувачката литература, преглед на сите расположливи статистички податоци  и консултации со фокус групите. Фокус групите се состоеја од 5 целни категории на население:
(i) семејства со членови кои неодамна станале технолошки вишок во текстилната и металната индустрија;
(ii) семејства кои живеат од испратени пари;
(iii) семејства кои зависат од земјоделието како нивни главен извор на приходи;
(iv) поголеми семејства со пет или повеќе члена; и
(v) семејства кои добиваат детски додаток.

Квантитативните истражувања вклучуваа примарни теренски истражувања врз основа на избрани типични примероци од домаќинства со деца од различни слоеви. Слоевите на примероците беа

дефинирани според: етничката припадност, со еднаков број на домаќинства од македонската, албанската, турската и ромската зедница на земјата; според регионот, со еднаков број домаќинства по регион; и според локацијата, со еднаков број на домаќинства од урбани и рурални локации. Ваквото раслојување на примероците овозможи да се анализира влијанието на економската криза врз оние домаќинства кои обично се сметаат за социјално најранливи: ромските семејства, семејствата кои живеат во помалку развиени региони, и семејства кои живеаат на далечни локации.

Студијата ја препознава тешкотијата да се воспостави јасна и директна поврзаност меѓу економската криза и благосостојбата на децата. Ова тешкотија се јавува поради следните причини: недостатокот од појдовни податоци на државно ниво за нормалните семјества во бројни области (на пример, недостатокот од специфични податоци за здравјето, домувањето и слободното време) - податоци кои би можеле да се споредуваат со текот на годините и меѓу две различни години; тешкотијата да се издвои влијанието на претходно постоечките неповолни социо-економски услови во земјата (на пример, високите стапки на невработеност и сиромаштија) од влијанието на глобалната економска криза; и специфичните предизвици сврзани со испитувањето на благосостојбата на децата, како на пример, промените во здравствените услови и условите на исхраната.

И покрај горенаведените предизвици, оваа студија во главни црти изнесува важни информации, како и појдовни податоци во врска со животниот стандард, образованието, здравјето, домувањето и слободното време на семејствата за време на економската криза.

Истражувањето покажува дека **благосостојбата на децата и нивниот пристап до стоки и услуги за време на економска криза се најмногу засегнати од зголемувањето на трошоците за живот на домаќинствата што се должи на инфлацијата.** Зголемувањето на животните трошоци засегнало 89,3% од домаќинствата во разгледаниот период, а како последица на ова повеќе од половината (56,4%) не биле способни во целост да ги задоволат образовните потреби на нивните деца. (Ова превенствено се однесува на училишниот прибор, но исто така и на патувањето и други трошоци). Покрај тоа, економската криза придонела за намалување на приходите на приближно една третина на домаќинствата, понатамошно ограничувајќи ја нивната способност да го ублажат влијанието на кризата.

И додека економската криза можеби не придонела директно кон зголемувањето на сиромаштијата меѓу децата, **оваа студија укажува дека 48,1% од анкетираните домаќинства живееле под границата на сиромаштијата** во смисла на нивните месечни приходи во текот на дванаесетмесечниот период. Исто така вознемирувачко е согледувањето дека **21,7% од анкетираните домаќинства во оваа студија живееле без никаков приход или во услови на крајна сиромаштија.** (Овој процент се разликува од официјалниот од 28,7% за 2008 првенствено затоа што официјалните пресметувања се засноваат врз трошењето на домаќинствата, додека процентот во нашата студија се пресметува во согласност со месечните приходи на домаќинството.[1] Другата причина за оваа разлика лежи во групирањето на слоевите на домаќинствата искористени како примероци во нашата студија при што се вклучени еднаков број домаќинства од етничките групи, еднаков број домаќинства од рурални и урбани семејства и еднаков број домаќинства по статистички регион. Ваквата стратификација овозможи поголемо фокусирање на домаќинствата кои општо земено се сметаат за најизложени на ризик). Значителниот број на домаќинства кои живеат во сиромаштија укажува дека на многу деца им недостасувале основни финансиски ресурси и соодветен животенни стандард во периодот на економската криза. Ова особено се однесува на помалите деца, бидејќи најголемиот дел од децата кои живеат во сиромашни домаќинства се на возраст од 0 до 6 години. Како последица на ова, пристапот на децата до основните социјални услуги како што се образованието и здравствената заштита бил загрозен.

Иако оваа студија не тврди дека постои директна и значителна поврзаност меѓу економската криза и пристапот на децата



[1] Еуростат ја пресметува сиромаштијата и врз основа на примањата на домаќинствата

до образование и основна здравствена заштита, важно е да се забележи дека финансиски тешкотии довеле до тоа **8,8% од децата да имаат проблеми со пристапот до образование, додека пак 9,3 % немале пристап до редовни здравствени прегледи**.

Слично на ова, иако економската криза можеби не предизвикала директно влошување на условите за домување кај децата, оваа студија покажува дека повеќе од 40% од децата живееле во пренатрупани живеалишта во годината на економската криза, делејќи ги со неколку други семејства. Недоволниот број простории, а особено недостатокот на приватност, можат да имаат негативно влијание врз развојот на на децата, особено врз нивните способности за учење. Студијата исто така утврди дека **57,4% од домаќинствата го намалиле трошењето за потребите на нивните деца** во текот на разгледаниот дванаесет месечен период, првенствено во областа на облекувањето, забавата, џепарлакот и училишниот прибор (вклучувајќи ги и трошоците за вонучилишните активности како класовите по странски јазици, компјутерските курсеви и сл.).

Во светлото на овие согледани трендови во благосотојбата на децата во годината на економската криза, оваа студија сугерира дека поддршката на владата би требало да биде поспецифично насочена кон најранливите домаќинства со деца. Оваа студија понатаму заклучува дека една политика чиј приоритет се децата во време на економската криза би требало да биде заснована врз поекспанзивна фискална политика, која што вклучува инвестиции за да се генерира поголема вработеност, инвестирање во основните услуги и подобрување на условите за зголемување на потрошувачката во смисла на домување, стоки и услуги.

Оваа студија ја сигнализира потребата од поразновидна, подобрена и редовна официјална статистика за домаќинствата, со податоци што се однесуваат на здравјето, домувањето и слободното време. Таквите податоци би овозможиле поточен увид во различните аспекти на животниот стандард на домаќинството во облик на расчленети податоци во врска со секој член на домаќинството (вклучувајќи ги и децата и младите). Една подобрена база на податоци би овозможила да се прават споредби со текот на годините и меѓу различни години.

Студијата исто така укажува на потребата да се крене свеста на социјално ранливото население во врска со нивните основни права на заштита и обврските кои произлегуваат од овие права. Кревањето на свеста треба да послужи како за зголемување на покриеноста со здравствена заштита меѓу децата, така и за зголемување на нивниот пристап до образованието.

Конечно, врз основа на анализираните трендови, студијата предлага збир од препораки за поголема финансиска поддршка и активни мерки за подобрување на можностите за вработување на младите, за спречување на детската сиромаштија и детскиот труд и за овозможување на развивањето на подобри услови за живеење и домување.





# ВОВЕД

Притисоците и заканите што произлегоа од глобалната финансиска и економска криза и беа највидливи во периодот 2008/2009 година, имаа различни ефекти во различни делови од светот. Во земјите кои веќе беа во тешка економска ситуација, како порнешната Југословенска Република Македонија, глобалната финансиска криза понатамошно ги влоши веќе постоечките проблеми, какви што се на пример, ограничените странски инвестиции, високата невработеност и стапки на сиромаштија, при што сите заедно придонесуваат кон високите нивоа на социјална несигурност. Во едно такво опкружување е многу тешко да се изнајдат соодветни стратегии за справување со проблемите, како на национално, така и на индивидуално ниво (на ниво на домаќинство).

Економските ограничувања можат особено неповолно да влијаат врз децата. Нивните редовни активности и нивниот пристап до стоки и услуги би можеле да бидат ограничени, па дури и целосно прекинати, на тој начин негативно влијаејќи врз нивниот севкупен развој, здравје и животен стандард. Како зависни членови на семејството, децата не можат да придонесат кон ублажувањето на ваквите негативни влијанија. Податоците од Централна и Источна Европа и од Комонвелтот на независни држави покажуваат дека економската транзиција довела до намалување на бројот на запишани деца во образованието и до зголемување на бројот на напуштени деца (Harper et al.,2009). За време на азиската економска криза од 1997-98 година, стапката на наталитет се намалила, неисхранетоста кај децата под петгодишна возраст се зголемила, како и стапката на смртност кај децата, во некои случаи и до седум отсто  (АБЦ, 2009). Исто така, за време на азиската криза се утврдило дека најголем број на оние што ја загубиле работата биле млади работници на возраст од 15 до 29 години,  а особено млади жени работнички ( Lee and Rhee,, 1998). Во такви околности, однесувањето и активностите преземени од родителите и другите возрасни членови на семејството се од исклучителна важност за интелектуалната, физичката и материјалната благосостојба на децата. Згора на тоа, предизвиците што ги поставуваат финансирањето на образованието и наоѓањето на соодветно вработување стануваат многу поголеми за младите луѓе во време на економска криза.

Целта на оваа студија е двојна. Од една страна, таа ќе се обиде да ги анализира севкупните економски и социјални импликации на кризата и одговорот на владата на кризата. Од друга страна, таа ќе се обиде да ги процени неодамнешните промени во животниот стандард на домаќинствата за да ги утврди главните

закани што ги поставува тековната економска криза за благосостојбата на децата и младите луѓе низ целата земја.

Покрај овие две цели, студијата исто така има намера да илустрира како макроекономските мерки и социјални политики во време на криза можат да бидат многу ефикасни во олеснувањето на тешкотиите со кои се соочуваат ранливите домаќинства. Како што забележуваат други автори (де Вилдер, 2004), усвојувањето на стратегија во корист на децата во времиња на финансиска криза не значи следење на неодговорни политики кои доведуваат до високи стапки на инфлација. И навистина, влијанието на високата инфлација врз распределувањето на приходите обично е најлошо во посиромашните домаќинства, бидејќи богатите имаат поголеми можности од сиромашните да ги видоизменат своите средства и активности за да се заштитат од инфлацијата. Од друга страна, монетарните политики обмислени за да се контролира инфлацијата, каква што е наметнувањето на повисоки каматни стапки, може да се оквалификуваат како ненаклонети кон децата бидејќи директно влијаат врз можностите на семејствата да дојдат до прифатливи живеалишта.

Неразвиените финансиски пазари и немањето пристап до кредити за сиромашните семејства исто така имаат негативно влијание во областите сврзани со домувањето и со развивањето на мали и микро-претпријатија. Поради тоа, умерените инфлациски политики обично имаат помалку негативно влијание врз младите семејства со деца, односно, семејства кои често пати се задолжени. Како што укажува де Вилдер, на таквите семејства им е од интерес да се одвива еродирање на нивните долгови со помош на инфлацијата.

Применувајќи ја теоријата на де Вилдер, оваа студија ќе анализира дали сегашните мерки на владата за справување со економската криза би можеле да се дефинираат како политики чиј приоритет се децата, политики неутрални кон децата или политики негативни за децата. Врз основа на таквата анализа, студијата ќе понуди препораки за можни политики чиј приоритет се децата а а се применливи во времиња на економска криза.

Оваа студија е организирана во три дела. Првиот дел нуди преглед на литературата за политиките и истражувачката литература, како и резиме на расположливите статистички податоци што се однесуваат на социо-економските ефекти на кризата врз децата. Изворите на податоците разгледувани во ова прво поглавје се главно владините институции како Државниот завод за статистика, Народната банка на Република Македонија (НБРМ) , Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување. Временската рамка на анализата се движи од 2007 до средината на 2009 година.

Поради тоа што поновите податоци се недоволни, особено во врска со благосостојбата на децата и младите луѓе во периодот на економската криза анализиран во оваа студија (Четврт квартал/2008 и од прв до трет квартал 2009), употребена е примарна истражувачка алатка во облик на државен раслоен примерок за да се оцени влијанието на економската криза врз децата во последните 12 месеци. Резултатите на ова истражување се дадени во вториот дел на студијата, органзиран во следните пет потпоглавја: животен стандард; образование; здравје и исхрана; слободно време; и домување. Покрај тоа, овој дел содржи и анализа заснована врз дискусиите на фокус групата. Домаќинствата кои учествуваа во овие дискусии обично се сметаат за најзагрозени за време на економска криза; домаќинства со од неодамна отпуштени или од неодамна невработени жленови; домаќинства што зависат од испратени пари; домаќинства со многу членови; земјоделски домаќинства; и домаќинства кои добиваат детски додаток. Беа избрани такви семејства затоа што обично не се доволно застапени во повеќето официјални типични примероци.

Студијата завршува со збир од заклучоци и препораки за политики засновани делумно врз анализата на официјалните владини податоци и делумно врз податоците од примарното теренско истражување и дискусиите на фокус групата. На ваков начин, студијата донесува конкретни појдовни информации и податоци за благосотојбата на децата и младите за време на економската криза во земјата, истовремено нудејќи предлози за справување со овие проблеми во периоди на глобални и национални економски ограничувања.





# ПРВ ДЕЛ:
# ЕКОНОМСКИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ ДИМЕНЗИИ НА КРИЗАТА

## Економската димензија на кризата и нејзиното влијание врз домаќинствата

Глобалната економска криза ја зголеми економската несигурност во земјата. Ова имаше општ негативен ефект во смисла на намалување на макроекономската стабилност на земјата, а воедно и специфични негативни влијанија на ниво на домаќинства во смисла на зголемување на несигурноста во врска со идните приходи, куповната моќ и финансиската способност.

Иако БДП пораснал за значителни 5% во 2008 година, анализата по квартали покажува дека растот на БДП во последниот квартал на 2008 година значително паднал и изнесувал 2,1%. Стапката на инфлација за 2009 година беше -0.8%.[1] Ова е во согласност со проекциите на меѓународните организации како Евростат, чија што проицирана стапка е -0,3%, и ММФ, чијашто проицирана стапка е -1,5%. Според НБРМ, во истото тоа време, се предвидува дека стапката на инфлацијата ќе достигне 0,6%.

И иако се препознава дека падот на БДП води до севкупно влошување на благосостојбата на домаќинствата, не сите домаќинства се засегнати подеднакво. Сан (2002), на пример, тврди дека благосостојбата на сиромашните во такви ситуации се намалува многу повеќе отколку благосостојбата на класите со средни или повисоки приходи, главно поради зголемената побарувачка за неквалификувани работници кои би работеле за пониски плати. Меѓутоа, една студија на општественото трошење за време на економски кризи во седум латино американски земји покажала дека секој 1 процент на опаѓање на БДП бил поврзан со намалување во трошењето по сиромашен поединец од околу 2 проценти (De Ferranti et al. 2000; Alderman and Hawue, 2006). Компаративните прогнози на реалните стапки на раст на БДП за 2011 година ја поставуваат стапката на раст на земјата како еднаква на онаа на Романија, повисока од онаа на Хрватска, но пониска од стапките на Бугарија и Турција (Табела 1).

Монетарната политика беше заострена во текот на 2008 година со кревање на референцијалната каматна стапка во неколку наврати. Како што укажа НБРМ (2009), таквиот нагорен притисок врз каматните стапки заедно со зголемениот инфлациски притисок, особено врз цените на

[1] Официјален податок на Државниот завод за статистика

Табела 1: Компаративни реални стапки на раст на БДП на Поранешната Југословенска Република Македонија, други земји кандидати за членство во ЕУ, и 27те земји на ЕУ

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| Поранешна Југословенска Република Македонија | 5.9 | 4.9(ф) | - 0.8[1] | 1.5 (ф) | 2.5(ф) |
| Европска Унија (27 земји) | 2.9 | 0.8 | - 4.2 | 0.7 (ф) | 1.6(ф) |
| Хрватска | 5.5 | 2.4 | - 5.8 (ф) | 0.2 (ф) | 2.2(ф) |
| Турција | 4.7 | 0.9 | - 5.8 (ф) | 2.8 (ф) | 3.6(ф) |
| Романија | 6.3 | 6.2 | - 7.1 | 0.5 (ф) | 2.6(ф) |
| Бугарија | 6.2 | 6.0 | - 5.0 | - 1.1 (ф) | 3.1(ф) |

(f) = forecast Извор: Еуростат, 2009

храната и енергетските производи, имаше негативен ефект врз куповната моќ на домаќинствата и ја ограничи нивната способност да ги отплаќаат постоечките долгови или да добијат нови заеми од банките.

Трошењето на домаќинствата за лични трошоци ги надминувало нивните расположливи приходи во 2008 година. Основните производи сочинувале приближно 73% од таквото трошење во овој период, од што речиси половина било за храна и пијалоци. Овој податок се отсликува во вредноста на потрошувачката кошничка за храна и пијалоци во декември 2008 година, која што изнесува 72,4% од просечната нето плата за истиот период. Земајќи ги во предвид овие бројки, заедно со фактот дека промените во цените на храната сочинуваа некаде околу 70% од просечната инфлација во 2008, станува јасно дела секое идно покачување на цените на основните производи ќе предизвика зголемување во трошењето на домаќинствата со потенцијал да ги намали животниот стандард и да ги намали финансиските средства што домаќинството ги трга на страна како заштеда (НБРМ), 2009, стр.27.

Заострените услови за позајмување што ги воведоа домашните банки резултираа со помала побарувачка за кредити од страна на домаќинствата кон крајот на 2008 и почетокот на 2009 година. Построгите услови за кредит ги ослабија стратегиите на некои категории на населението за справување со ситуацијата, на пример групите со средни приходи кои користат заеми како начин на плаќање на основните сметки и услуги (станбени кредити, сметки за домаќинството и летни одмори). Покрај тоа, финансискиот извештај на НБРМ за 2008 година сугерира дека тенденцијата на банките да го пренесуваат ризикот на каматните стапки и курсот на валутата врз клиентите претставува дополнителен ризик за домаќинствата во смисла на зголемена задолженост и намалена способност да се отплаќаат долговите (2009, стр. 31). Ризикот на курсот на валутата и можноста каматните стапки и понатаму да се менуваат директно придонесуваат да се зголемат финансиските обврски на домаќинствата, што доведува до опаѓање на богатството и животниот стандард на домаќинствата и претставува закана за нивната кредитна способност.

Многу домаќинства имаа загуби во капиталот поради негативните годишни стапки на заработка од средствата на пензискиот фонд и намалената добивка од вложениот капитал во хартии од вредност со кои се тргува на официјалната берза и на берзата за јавни претпријатија. Годишните стапки на добивка од вложениот капитал во хартии од вредност беа негативни речиси во секој месец од 2008 година. Годишната номинална стапка на приходи од пензиските фондови стана негативна од мај 2008 година и најнегативното ниво од 9,9% беше забележано кон крајот на 2008 година. Во 2009 година, членките на приватниот пензиски фонд НПФ го загубија сиот профит со кој што се беа здобиле во текот на претходните три години. Според податоците од март 2009 година, осигурените лица од НПФ имале загуба од -0,05%, додека пак лицата осигурени од другиот пензиски фонд на КБ, имале зголемување на депозитите од само 2,16%. Траењето и сериозноста на финансиската криза ќе

Графикон 1: Структурата на заемите на домаќинствата во 2008 (според типот на каматна стапка)




Извор: НБРМ (2009), врз основа на податоци доставени од банките.

продолжи да влијае и веројатно и понатаму ќе ги намалува профитите и на двата пензиски фонда. Ризикот за финансиската стабилност и заканата за секторот на домаќинствата поради негативните стапки на приходи од инвестициите во пензиските фондови во моментов се ублажени од фактот дека првите важни обврски за исплаќање од овие фондови ќе достасаат дури по дваесет до триесет години. Меѓутоа, ова е битен сигнал за пензиската политика кој што треба да се земе во предвид за да се избегнат ризиците за идните пензионери.

Иако не постои конзистентна статистика во врска со точниот процент на македонското население што работи во странство, намалениот прилив на приватни трансфери во текот на 2008 година покажува дека глобалната рецесија резултирала со губење на работата за голем број македонски граѓани кои живеат во странство и со намалување на приходите на оние што останале вработени. Истражувањата од другите земји покажуваат дека најголемиот дел од приватните трансфери се троши на основни потреби како што се храна и облеки, додека значителен дел исто така се троши на образование и на здравствена заштита.[2] Приливот на приватни трансфери бил особено низок во текот на 2008 година, со пад од 5,8% во споредба со 2007 година, и со влошени изгледи за нивно подобрување (НБРМ, 2009, стр. 21). Згора на тоа, приватните трансфери покриле само 53,6% од трговскиот дефицит во 2008 година, наспроти 84,1% во 2007 година, со тенденција кон понатамошно опаѓање. Пониският прилив на приватни трансфери влијае на примарните извори за егзистенција на многу семејства. Ова влијание е особено забалежливо кај одредени етнички заедници, како албанската и турската, кои зависат од таквите трансфери повеќе од другите етнички заедници во земјата. Една изјава на претседателот на Стопанската комора во северо-западниот регион од земјата го потврдува ваквото согледување: во врска со влијанието на економската криза, тој изјави дека два главни проблеми во регионот се ниската побарувачка за услуги и намалениот трансфер на средства од странство.

Особено изложени на негативните влијанија на кризата се оние домаќинства со членови вработени во секторите кои беа најмногу погодени од економскиот пад, како металската и текстилната индистрија. Ниска побарувачка имаше во сите индустриски сектори, особено во оние извозно ориентираните, но металската индустрија беше најсериозно погодена како резултат на минатогодишниот пад на цените на металите на меѓународните пазари - пад кој доведе до тоа многу од компаниите да не можат да ги покријат своите производствени

[3] За повеќе нформации види: "Dynamics of Remittance Utilization in Bangladesh"(2005), IOM; Acosta, A. (2005). Remesas de la Emigracion y su Impacto Socioeconomico, mimeo, Ecuador Field Office, UNICEF; Bryant, J. (2005). Children of international migrants in Indonesia, Thailand, and the Philippines: A review of evidence and policies. Innocenti Working Paper, UNICEF; Coronel, E. & Unterreiner, F. (2005). Social Impact of Remittances on Children's Rights. The Philippines case. UNICEF, Manila.

[4] Интервју на А-1 телевизија, 29.04.2009

трошоци. Компаниите во овој сектор се обидоа да избегнат отпуштање на своите работници така што испратија на принуден одмор преку 2.000 вработени и го одржуваа производствениот процес на минимум, работејќи на завршувањето на зделките склучени пред почетокот на глобалниот економски пад. Ситуацијата е слична во сите извозно ориентирани сектори, какви што се текстилната и прехранбената индустрија. Во исто време, и градежничкиот сектор пострада од намалување на инвестициите и рестрикциите на банките врз пристапот до заеми. Преку 1.200 работни места биле загубени само во декември 2008 година, а вкупниот број на загубени работни места во последната четвртина на 2008 година изнесува 3.000, првенствено во металската и текстилната индустрија (Георгиевски, Д., 2009).

Севкупната анализа на економските услови во 2008/2009 година сугерира дека глобалната економска криза ја влошила економската ситуација на домаќинствата ограничувајќи им ги изворите на приходи, зголемувајќи ги нивните проблеми во отплаќањето на долговите за домаќинството, намалувајќи им ги можностите да позајмуваат и влошувајќи ги веќе и онака тешките услови за вработување. Анализата на официјалните податоци покажува дека најпогодените домаќинства се оние со барем еден член вработен во некоја од извозно ориентираните индустрии, како металската, рударската, текстилната и прехранбената индустрија, и оние домаќинства чиишто приходи зависат во најголема мера од испратени пари. Слично на ова, кризата ги влошила и онака веќе тешките социјални услови на оние домаќинства кои што обично се сметааат за најранливи, како домаќинствата без ниту еден вработен член, повеќечлените домаќинства и оние кои преживуват од земјоделство. Може да се претпостави дека децата од овие типови на домаќинства се соочиле со тешкотии во смисла на редовно посетување на училишшната настава, редовни здравствени прегледи, помали можности за вонучилишни активности, како и зголемена побарувачка за дополнителна работа во домаќинството.

## Социјалната димензија на кризата и нејзиното влијание врз домаќинствата и децата

### Невработеност

Иако линијата на подвојување меѓу економските и социјалните димензии на кризата е многу тенка, со бројни преклопувачки одлики, овој дел од студијата има за цел да ги даде во главни црти ефектите на економската криза врз пазарот на трудот, сиромаштијата, социјалната помош, животниот стандард на ранливите групи, домувањето и други фактори.

Една од главните закани што произлегуваат од глобалната економска криза е ризикот од пораст на веќе и онака високата стапка на невработеност во земјата. Иако високата невработеност има влијание врз сите категории на возрасти, таа

Графикон 2: Приватни трансфери (во милиони евра)




Извор: НБРМ, 2009

Табела 2: Стапки на активност, вработеност и невработеност кај младите во вториот квартал на 2009 година

| 2009/II | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
|---|---|---|---|
| Вкупно (15-24) | 35,7% | 16,1% | 54,9% |
| Жени (15-24) | 28,2% | 11,4% | 59,4% |
| Мажи (15-24) | 42,8% | 20,5% | 52,2% |

Извор: Државен завод за статистика, 2009

особено ги погодува младите луѓе меѓу 15 и 24 години. Стапките на учество на младите во пазарот на трудот покажуваат дека младите жени се категорија која што е најмногу погодена од невработеноста: нивните стапки на активност, вработеност и невработеност не само што се пониски од просечните, туку исто така се пониски од истите стапки кај мажите на возраст од 15-24 години. Причините за ова би можеле да бидат сврзани со етнички и културни фактори, бидејќи младите жени од ромско, албанско и турско потекло обично се зафаќаат со семејни обврски на многу помлада возраст од етничките Македонки. Пониското образовно ниво кај жените, особено кај оние од малцинските етнички заедници, би можело да претставува дополнителен фактор кој влијае врз нивните пониски стапки на вработеност и повисоки стапки на невработеност.

Според официјалната статистика, невработеноста пораснала за само 0,1% во првиот квартал на 2008 година во споредба со последниот кврatal на 2007 година (Табела 3). По еден постабилен период во вториот и третиот квартал на 2008 година, што најверојатно се должи на сезонското вработување, стапката на невработеност повторно се кренала во четвртиот квартал на 2008 година, до 0,5% повеќе во споредба со третиот квартал на 2008 година. Во овие два критични квартали на 2008 година, првиот и четвртиот, повеќето изгубени работни места биле на работници од возрасната група од 50 до 64 години. Во последниот квартал на 2008 година, има забележлив пораст и во невработеноста меѓу младите луѓе на возраст од 15 до 24 години. Меѓутоа, се чини дека стапката на вкупната невработеност потоа се стабилизирала, останувајќи на 31,9% во вториот квартал на 2009 година.

Според етничката припадност, врз основа на податоците дадени од Агенцијата за вработување, најголемиот број загубени работни места меѓу јануари и април 2009 година биле меѓу припадници на босанската, ромската и албанската националност (Табела 4). Образовниот статус на регистрираните невработени покажува дека порастот на бројот на невработени меѓу јануари и април 2009 година бил најголем кај оние без образование, кај оние со тригодишно средно образование, но исто и кај оние со универзитетски дипломи.

И покрај стабилизирањето на бројките што се однесуваат на невработеноста во 2009 година, критичните периоди од крајот на 2008 година и почетокот на

Табела 3: Стапки на невработеност во избрани квартали на 2007 и 2008 година

| | Стапка на невработеност | | Стапка на невработеност | |
|---|---|---|---|---|
| Возраст | 2007/IV | 2008/I | 2008/III | 2008/IV |
| 15-24 | 61,3 | 58,4 | 53,9 | 57,4 |
| 25-49 | 32,1 | 32,5 | 31,2 | 31 |
| 50-64 | 28,3 | 28,6 | 26,5 | 28 |
| 65+ | 1,2 | 11,7 | 3,5 | 8,2 |
| Вкупно | 34,7 | 34,8 | 33 | 33,5 |

Извор: Агенција за вработување 2009

Табела 4: Број на регистрирани невработени во Агенцијата за вработување во јануари и април 2009 година, според етничка припадност

| | јануари 2009 | април 2009 | Пораст/опаѓање во апсолутните бројки | Пораст/опаѓање во % |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 348.369 | 349.879 | 1.510 | 0,43 |
| Македонци | 220.232 | 219.798 | - 434 | - 0,20 |
| Албанци | 84.787 | 86.356 | 1 .569 | 1,85 |
| Турци | 13.665 | 13.758 | 93 | 0,68 |
| Роми | 17.929 | 18.208 | 279 | 1,56 |
| Срби | 2.850 | 2.892 | 42 | 1,47 |
| Власи | 377 | 380 | 3 | 0,80 |
| Босанци | 352 | 384 | 32 | 9,09 |
| Други | 8.177 | 8.103 | -74 | - 0,90 |

Извор: Агенција за вработување, 2009

2009 година покажуваат дека економската криза најмногу ги погодила работните места во следните општествени групи: постарите вработени; оние што имаат друга етничка припадност од македонската; и оние со пониско ниво на образование. Постои поголема веројатност децата што живеат во овие типови на домаќинства да биле изложени на зголемена напнатост и проблеми во нивните секојдневни животи поради намалувањето на финансиските способности и ресурси на нивните семејства предизвикани од губењето на работата на еден или двата нивни родители. Економската криза исто така ја зголемила невработеноста кај младите, на тој начин придонесувајќи за поголема исклученост на младите луѓе од пазарот на трудот. Младите жени биле особено погодени од овие фактори - особено младите жени со албанско или ромско етничко потекло.

Зголемувањето на бројот на луѓето кои се пријавуваат да добиваат помош поради невработеност кон крајот на декември 2008 и почетокот на 2009 година понатамошно укажува дека влијанието на глобалната економска криза било најостро во овие месеци. Во декември 2008 година имало 300 повеќе корисници на бенефиции поради невработеност отколку во ноември истата година, креважќи го вкупниот број на 23.565. По едно кратко стабилизирање на овие број во јануари 2009, било забележано дополнително зголемување во текот на февруари и март, кога бројот на корисници на бенефиции се кренал на 24.515 и 25.380 респективно. Повеќето од овие корисници биле луѓе кои ја загубиле работата како технолошки вишок.

## Социјална помош

Сличен тренд може да се забележи и кај бројот на луѓе кои примаат социјална помош во истиот тој период. И додека овој број паднал од 62.019 во јануари на 50.714 во октомври 2008 година, тој повторно пораснал во ноември и декември на 52.507 и 53.105 респективно, претставувајќи 9,4 % од сите домаќинства во земјата. Овој пораст соодветствува со зголемувањето на бројот на регистрирани невработени во истиот период (види Табели 4 и 5). Покрај тоа, може да се каже дека системот на социјална заштита не покрива целосно извесен број на општествени категории, какви што се невработените и постарите. Споредувајќи ги бројот на регистрираните невработени (343.363 во декември 2008 година) со бројот на корисници на социјална помош (53.105 во декември 2008 година), се чини дека речиси 85 проценти од оние што се регистрирани како невработени не се покриени со системот на социјална заштита. Дури и ако бројот на корисници се удвои (претпоставувајќи дека двајца невработени по домаќинство добиваат финансиска социјална помош), бројот сепак покажува дека 70% од регистрираните невработени не добиваат социјална финансиска помош.[4] Покрај тоа, постарите поединци не се покриени со системот за социјална заштита, при што

[4] Според Законот за социјална заштита меѓу лицата кои ги исполнуваат условите за социјална финансиска помош спаѓаат и оние лица кои се работоспособни но се социјално необезбедени.

Табела 5: Корисници на финансиска социјална помош во текот на 2008 година




Извор: Министерство за труд и социјална политика, 2009

само 2,9% од регистрираните корисници се постари од 61 година.

Износот на пари што всушност се обезбедува во облик на социјална помош е исто така многу важен фактор, во смисла на мерката до која му овозможува на корисникот да одржи соодветен стандард на живеење во тешки економски периоди така и во смисла на мерката до која тој потенцијално придонесува кон намалувањето на сиромаштијата. Но, судејќи според износот на финансиска социјална помош што во моментов се обезбедува во земјата, би било тешко да се тврди дека таквата помош ја спречува сиромаштијата или помага битно да се подобри животниот стандард на корисниците. Месечниот износ на финансиската социјална помош е низок и изнесува 35,5 евра по поединец во 2009 година, што е еквивалент на 10% од просечната нето плата за мај 2009 година (20.112 МКД: еквивалент на 329 евра) и 22% од просечната пензија во јануари 2009 (9.865 МКД, еквивалент на 161 евро). Овој износ на финансиската социјална помош е многу понизок од прагот на сиромаштијата. Во 2008 година, линијата на сиромаштијата (пресметувана како еквивалент на 70% од средната вредност на трошењето на домаќинствата) била утврдена како 65.398 МКД, еквивалент на 1.066,79 евра годишно. Споредбата меѓу линијата на сиромаштијата (5.449 МКД или 88,83 евра) и месечниот износ на финансиска социјална помош по поединец (1.825 МКД или 29,7 евра) покажува дека финансиската социјална помош е речиси три пати пониска од официјалниот праг на сиромаштијата. Таквите мали износи на финансиската социјална помош секако не служат за да се олесни сиромаштијата или да им се помогне на луѓето да се спасат од неа. Така, треба да се направат напори да се зголеми износот на финансиската социјална помош за да им овозможи на оние кои живеат под линијата на сиромаштијата да се здобијат со соодветен стандард на живеење. Ова е особено важно во времиња на економска криза кога ранливите групи се уште поизложени на негативните ефекти на зголемените цени на основните стоки и услуги како и на намалените можности за вработување.

Зголемената стапка на инфлација не беше проследена со соодветно зголемување на износот на финансиската социјална помош. Од почетокот на 2008 година, годишната инфлација забележува постојан пораст, достигајќи 10,2% во март, пред да почне да флуктуира и да заврши на 8,6% во август. Повисоките цени на храната и горивото најмногу придонесоа за овој раст на инфлацијата. Во тој контекст, важно е да се забележат ефектите на инфлацијата врз животниот стандард во 2008 година. Иако номиналните плати се зголемија за одредени делови на населението, реалните плати не држеа чекор со инфлацијата; па така повисоката инфлација ги еродираше реалните расположливи приходи на домаќинствата предизвикувајќи опаѓање

на просечните животен стандард и потенцијално турнувајќи некои семејства во сиромаштија. Во вакви околности, достапноста на некои основни услуги, особено за сиромашните семејства со деца, станува загрижувачко прашање (УНИЦЕФ, 2009).

## Сиромаштија

Стапката на сиромаштија во земјата е исклучително висока. Пресеметана со релативен метод како еквивалент на 70% од средната вредност на трошењето на домаќинствата, оваа стапка изнесуваше 28,7% во 2008 година, што е повисока стапка од стапките на сиромаштија во Романија (18,6%), Турција (17,8%), Хрватска (17,4%) и Бугарија (14,1%).

И покрај фактот што официјалните податоци за 2008 година покажуваат намалување од 0,6% во стапката на сиромаштија во споредба со 2007 година, анализата на сиромаштијата според типови на домаќинства покажува дека всушност се случило зголемување на сиромаштијата во 2008 година во категоријата на "Други домаќинства со деца" (види Табела 6). Оваа група на "Други" е исто така и најголемата, претставувајќи 46,7% проценти од сиромашното население. Ако се додадат и брачните парови со деца, кои сожинуваат 10,2% од вкупното сиромашно население во 2008 година, тогаш вкупниот број на домаќинства со деца кои живеат во сиромаштија изнесува 56,9%, што значи дека мнозинството сиромашни во земјата се домаќинства со деца.

Сиромаштијата кај повеќечлените домаќинства исто така се зголемила во 2008 во споредба со 2007 година. Така, стапката на сиромаштијата меѓу домаќинствата што се состојат од пет лица во 2008 година достигнала 33,2%, пораст од 2,6% во текот на претходната година. Мал пораст од 0,1% исто така бил забележан и кај домаќинствата со шест и повеќе лица.

Згора на тоа, нивото на сиромаштијата се зголемило кај домаќинствата во руралните области и во урбаните локации надвор од Скопје. Споредбата со податоците од 2006 година покажува дека најпогодени биле домаќинствата од урбаните локации надвор од Скопје (пораст од 6,2% во 2008 година), како и домаќинствата што живеат во рурални области (пораст од 7,6% во 2008).

Неофицијални податоци од други извори исто така покажуваат пораст на сиромаштијата, како кај одредени типови домаќинства, така и во севкупната стапка на сиромаштија. На пример, бројките од последните два Извештаи фокусирани на луѓето на УНДП (2008 и 2009) сугерираат мал пораст на севкупната стапка на сиромаштијата. Првото истражување преземено во декември 2007одина покажувало стапка на сиромаштија заснована врз приходите (како на 60% од еквивалентот на средната вредност на приходите) од 26%, со пораст од 2% на 28% забележан шест месеци подоцна во јули 2008 година.

## Пристап до основни услуги

Земајќи го во предвид немањето на достапни и понови национални податоци за другите социјални аспекти кои би можеле да бидат негативно повлијаени од економската криза, може да се шпекулира врз основа на алтернативната анализа на ефектите на кризата во Западниот Балкан (Stubbs, 2009), дека во земјата би можеле да се очекуваат следните дополнителни социјални влијанија:

- Намалување на јавното трошење кое што пак би можело да доведе до намалување на трошењето за децата (детски додатоци, услуги на градинките, и сл.)
- Зголемување на притисокот врз младите да се откажат од средното или високото образование за да ги издржуваат своите семејства;
- Зголемен притисок врз семејните односи поради сиромаштија и невработеност, сврзани со зачестена појава на депресија, злоупотреба на алкохол и насилство, при што сите можат да доведат до повисоки нивоа на напуштање на децата;
- Потенцијално зголемување на малата но значајна група на деца кои се неисхранети и/или не успеваат да напредуваат;
- Потенцијален пораст на деца кои живеат на улица.

Постојат индикации дека овие негативни ефекти на кризата веќе се случуваат. На пример, зголемен е бројот на корисниците на јавни кујни и бројот на СОС

телефонски повици кои пријавуваат злоупотреби и насилство кон деца. Според Меѓаши - Првата детска амбасада во светот, во 2009 госдина, бројот на телефонски повици кои пријавуваат насилство и злоупотреба на деца се зголемил за 9% во текот на минатата година. И додека економската криза не мора да биде првенствена причина за тоа, таа секако е влошувачки фактор кој ја зголемува веројатноста да се случуваат ваквите негативни општествени трендови.

Сето горенаведено сугерира дека ќе има зголемена побарувачка за бенефициите и услугите на социјалната заштита во времиња на економска криза. Системот на социјална заштита треба да реагира на таквата зголемена побарувачка на еден навремен и проактивен начин. Времетраењето и износот на бенефициите на социјалната заштита би требало привремено да бидат зголемени за да се ублажат негативните ефекти на кризата. Пензискиот систем исто така би требало да биде ревидиран и владината агенција за супервизија на пензиите би требало да ги заштити придонесите уплатени во приватните пензиски фондови. Владата исто така би требало да обрне поголемо внимание на справувањето со проблемите со кои се соочуваат следните социјални категории изложени на висок ризик: постарите вработени; невработените кои немаат никакво образование или нецелосно образование; домаќинствата кај одредени етнички групи чиишто членови немаат платено вработување и кои не се дел од системот на социјална заштита; домаќинствата со деца, особено оние со пет или повеќе членови; како и домаќинствата кои живеат во урбаните центри надвор од Скопје, и оние во руралните области. Во времиња на економска криза, овие категории би требало да бидат поддржани со зголемување на износот и времетраењето на директните социјални трансфери, но исто и со преземање на поголем број активни мерки за зголемување на можностите за вработување.

## Одговорот на Владата на економската криза

### Антикризни економски мерки

Првичниот удар на глобалната економска криза во ноември-декември 2008 се совпадна со предизборните кампањи во земјата за претседателските и локалните избори што имаше за последица да се чини дека владата е преокупирана со изборната агенда повеќе отколку со преземањето на конкретни економски и социјални мерки. Во овој период, Владата усвои **два антикризни пакети:** едниот се фокусираше на отпишување на долговите на платежно неспособните компании, а другиот најавуваше планови да се инвестираат осум милијарди евра во јавни работи. Меѓутоа, бидејќи овие мерки не се насочени кон вистинските “губитници” од економската криза, нивното влијание врз најранливите социјални групи е занемарливо.

**Трет антикризен пакет** беше објавен по изборите во април 2009. Овој пакет се фокусираше на пореалистични мерки, вклучувајќи: 1) нов и ребалансиран буџет, намален за 9% и прилагоден на

Табела 6: Релативна сиромаштија според тип на домаќинство (еквивалент на 70% од средната вредност на трошењето на домаќинствата)

| | 2007 | | | 2008 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индекс по глава | Индекс на јаз на сиромаштијата | Состав на сиромашно население | Индекс по глава | Индекс на јаз на сиромаштијата | Состав на сиромашно население |
| **Вкупно** | **29.4** | **9.7** | **100.0** | **28.7** | **9.2** | **100.0** |
| Постари | 26.7 | 7.9 | 4.6 | 22.8 | 7.3 | 4.9 |
| Брачни парови со деца | 27.1 | 9.6 | 10.4 | 25.5 | 9.9 | 10.2 |
| Други домаќинства со деца (самохрани родители, невенчани парови | 33.4 | 11.1 | 48.5 | 33.7 | 10.6 | 46.7 |
| Домаќинства без деца | 26.3 | 8.4 | 36.4 | 25.8 | 8.0 | 38.3 |

Извор: Државен завод за статистика, 2009

макро-економските проекции за пораст на БДП од 1% и инфлација од 1% за 2009 година; 2) обезбедување на кредитна поддршка на фирмите и претпријатијата во вредност од 100 милиони евра преку Европската банка за инвестиции; и 3) дополнителни мерки за поддршка на фирмите и претпријатијата, вклучувајќи и мерки за поедноставување на извозот на стоки, намалување на трошоците и сл. Како и во претходниот пакет, ниту во овој не беа вклучени никакви директни социјални мерки; ниту пак економските мерки се фокусираа на најранливите општествени групи.

## Антикризни социјални мерки

Првата анти-кризна мерка специфично насочена кон најранливите групи беше објавена на почетокот на септември 2009 година, кога Владата одлучи да усвои **Акциски план за намалување на енергетската сиромаштија** . Оваа мерка имаше за цел да обезбеди директна финансиска поддршка за сиромашниот и најранливиот сектор кој не бил во состојба редовно да ги плаќа своите се поголеми сметки за електрична енергија секој нареден месец. Според Владата, оваа социјална мерка ќе чини некаде меѓу 250 и 450 милиони МКД (меѓу 4 и 7 милиони евра) годишно. Нејзината имплементација се планира за почетокот на 2010 година, откако претходно ќе се утврдат категориите на корисниците и нивоата на поддршка. Првично, се предвидува оваа програма да покрие меѓу 50.00 и 60.000 илјади социјално ранливи домаќинства. Откако ќе се имплементира, оваа мерка би можела да се покаже како многу корисна за многу домаќинства на кои им недостигаат средства за да ги отплаќаат долговите на домаќинството. Нејзин главен недостаток е што реализацијата е планирана за наредната година, па така негативните ефекти на кризата ќе се чувствуваат подолго, особено ако се има во предвид дека грејната сезона започнува во средината на октомври. Згора на тоа, со оглед на тоа што значителен дел на ранливото население користи дрва како главен ресурс за греење наместо електрична енергија, нивните потреби исто така треба да се земат во предвид како дел од социјалните анти-кризни мерки.

Втора антикризна мерка со директно социјално влијание беше најавена само неколку дена по Акцискиот план за намалување на енергетската сиромаштија. Оваа мерка беше наречена **“СОС продавници”** и предвидуваше владини субвенции за корисниците на постојана финасиска помош, овозможувајќи им да купуваат основни производи по цени намалени за 30%. Корисниците на социјална помош можат да купуваат намалени производи во износ на социјалната помош што ја добиваат, но не повеќе од 5000 МКД (81 евро) месечно. Првично, ваквите продавници беа испланирани само за Скопје, но дополнителни продавници би можеле да се отворат во иднина и во други градови во зависност од интересот за оваа мерка. Со оваа мерка се планира да се покријат приближно 15.000 домаќинства кои што се корисници на постојана финансиска помош, или приближно 55.000 до 60.000 поединци во Скопје. Бидејќи Скопје е регион кој што беше најмалку погоден од економската криза, мерката “СОС Скопје” се чини дека е насочена кон оние корисници на помош кои што се најмалку ранливи на ефектите на кризата. Оваа мерка би била посоодветна доколку е насочена кон оние градови и региони каде што најмногу луѓе загубиле работа и кон оние домаќинства со членови вработени во најпогодените сектори на економијата.

Пред да се земат во предвид некои од другите анти-кризни мерки усвоени на полето на социјалната помош, мора да се нагласи дека овие владини активности преземени во 2009 година биле испланирани и најавени многу пред започнувањето на економската криза. Оттука тие не можат да се дефинираат прецизно како противкризни мерки иако нивниот ефект во одредени случаи би можел да се покаже како поволен во времиња на зголемени економски ограничувања.

## Други тековни иницијативи со фокус на децата

Во 2008 година, Владата усвои Закон за учебниците при што **учебниците требаше да им бидат обезбедувани бесплатно** на сите ученици во основните и средните училишта. На оваа мер-

ка се гледаше како на нешто што ќе ја поддржи имплементацијата на претходниот закон на Владата за задолжително средно образование којстапи на сила за училишната 2008/09 година. Проектот за бесплатни учебници ќе биде имплементиран во три фази и ќе ја чини Владата 1милијарда МКД (16 милиони евра). Меѓутоа, на почетокот на учебната 2009/10 година се уште постоеја проблеми со целосната имплементација на проектот поради немањето договори со авторите на учебниците: проблеми кои го одложија, како издавањето на учебниците, така и започнувањето на редовните наставни активности. Покрај ова, Владата најави дека сите штети направени врз учебниците ќе бидат платени од родителите на крајот на учебната година. Некои го опишаа ова како “одложено” плаќање за учебниците. И покрај критиките и почетните проблеми во имплементацијата, оваа мерка, иако не била усвоена како директен резултат на кризата, сепак би можела да се покаже како најважен чекор преземен од Владата кон поддржување на буџетите на домаќинствата со директно влијание врз потребите на децата.

Дополнителна мерка планирана од 2007 година и поддржана преку “Заемот за имплементација на социјалната заштита” на Светската банка е проектот наречен **Условни парични трансфери (УПТ)**. По период на обемни консултации во врска со тоа кои групи би требало да бидат покриени  и во кои домени би требало да се примени овој проект, тој конечно беше започнат во септември 2009 година со усвојување на Владината програма за условни парични трансфери за средното образование. Корисниците на оваа програма треба да бидат ученици во средното образование кои живеат во семејства кои добиваат финансиска социјална помош, како и ученици во семејства каде што еден од членовите е накратко ангажиран во проект за општествено корисна работа, и оттука нивната финансиска социјална помош е привремено прекината. Главен услов на оваа програма е средношколците редовно да посетуваат настава, имено, најмалку 85% од вкупниот број на часовите според училишната програма. Семејствата ќе добиваат годишен износ од 12.000 МКД (196 евра), и тој износ ќе им биде исплаќан во четири засебни рати. Вкупниот сума пари обезбедени преку Светската банка за овој проект изнесува приближно 19.300.000 евра. Се проценува дека оваа програма ќе покрие околу 18.800 средношколци од домаќинства кои добиваат финансиска социјална помош. Покрај ова, овој проект исто така треба да ја покрие здравствената заштита, односно, редовните предпородилни посети, како и вакцинирањето, но ова се уште не е детално дефинирано.

Како и во случајот со програмата за бесплатни учебници. УПТ проектот е комплементарен со Законот за задолжително средно образование. Оваа мерка ќе ги поддржи финансиските трошоци на домаќинствата со деца кои не посетуваат редовно настава, бидејќи ова нередовно посетување им се  припишува пред се на економски фактори.

Искуствата од други земји сугерираат дека постојат одредени ризици сврзани со оваа програма  и тие ќе мора да се земат во предвид при имплементацијата. Некои од овие ризици се пречките сврзани со одредени традиции и обичаи во одредени етнички групи, како на пример, раните венчавки кај Ромите, непостоењето на училишта каде што наставата се изведува на јазиците на сите етнички заедници, стигматизирањето на примателите на УПТ, и други.

**Социјалното домување** е уште една мерка што ја презема владата со цел да овозможи достапно домување за ранливите категории. Обезбедувањето на социјални станови како мерка на социјалната политика не е новост во земјата, иако не постои унифициран закон со кој се регулира оваа област. Во моментов, владата планира усвојување на нов Закон за домувањето кој ќе го регулира непрофитното домување построго и исто така ќе им даде повеќе права на општините на ова поле. Во 2009 година, според “Програмата за изградба и одржување на општествени станови”, Владата објави два повика за аплицирање за изнајмување на социјални станови (102 стана во Скопје и 29 во Македонска Каменица[5]). Големината на становите изнесува меѓу 35-45 метри квадратни и нивната кирија ќе изнесува 20 МКД (0,32

евра) по метар квадратен. Според новиот закон, ранливите категории на луѓе кои живеат во социјални станови ќе имаат право на субвенции од владата како помош во плаќањето на киријата. Повикот за Скопје резултираше со повеќе од 700 апликации, од кои повеќето беа од деца без родители или родителска грижа. Иако оваа мерка не беше преземена како директен одговор на економската криза, таа претставува многу важна мерка затоа што директно придонесува кон подобрувањето на еден од најголемите проблеми во системот на социјална заштита во земјата, имено, недостатокот од доволна поддршка за младите луѓе без родители или родителска грижа кои ги напуштаат институциите за згрижување.

Исто така во областа на домувањето, Владата неодамна објави **намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за купувањето на нови станови,** мерка која што би требало да постигне неколку позитивни ефекти во секторот на домувањето. Прво, би требало да ги стимулира градежните компании да го зголемат обемот на изградбата како одговор на очекуваното зголемување на побаруважката за нови станови. Покрај ова, се предвидува дека оваа мерка ќе има позитивен ефект врз снижувањето на цените на становите приближно од 10 до 13%. Меѓутоа, иако оваа мерка е позитивна во смисла на зголемување на достапноста на становите за населението воопшто, не се очекува таа да придонесе кон задоволувањето на потребите на најранливите сектори на населението кои немаат соодветни стандарди во домувањето.

Друга мерка што се имплементира од 1 јануари 2009 година е реформата која популарно се нарекува **“реформа на бруто плата”** и која беше воведена како дополнување на претходно усвоениот Закон за придонесите за задолжителното социјално осигурување (Службен весник 142/08). Меѓу другите промени, оваа реформа го измени претходниот систем на “нето плата” со:

1) Интегрирање на нето платата во рамки на бруто платата и пресметување на социјалните придонеси врз основа на бруто платата;
2) Воведување на постепено намалување на основата за социјални придонеси за пензиско и здравствено осигурување и осигурување за невработеност за 10 процентуални поени од тековните 32% на 22% во периодот од 01.01. 2009 до 01.01. 2011.

Оваа мерка резултираше со “вештачко” зголемување на просечната бруто плата: скок од 17,7% во првата половина на 2009 во споредба со истиот период претходната година.

Иако оваа реформа беше добредојдена за вработувачите и здруженијата на вработувачите бидејќи ги намалува трошоците за социјални придонеси и отутука и вкупните трошоци за трудот, таа сепак носи со себе и одредени ризици. Овие ризици се сврзани со начинот на кој што се имплементира реформата и со севкупниот контекст на неформалната економија во земјата. Првиот проблем произлегува од пресметувањето на социјалните придонеси: ова пресметување би требало да се прави врз основа на севкупната плата на вработениот, но ова правило целосно не се почитува во пракса. Поточно, вработувачите во приватниот сектор често го искористуваат правниот услов за минимум и максимум основа за пресметување на социјалните придонеси, регистрирајќи ги платите на своите вработени на минимум основа и на тој начин плаќајќи пониски социјални придонеси, а исплаќајќи им го останатиот дел од платата на вработените “под маса”. Ваквата пракса ги доведува во опасност тековниот и идниот животен стандард на вработените бидејќи нивните пониски социјални придонеси би можеле подоцна да значат дека тие ќе добиваат само минимални износи на социјални трансфери во случај да останат



[5] Становите се со големина од 35 до 45 квадратни метри и цената за нивниот наем ќе биде 20 МКД (0,32 евра) по квадратен метар.

без работа или откако ќе се пензионираат. Намалувањето на животниот стандард кај домаќинствата што следува како последица од ова исто така влијае врз децата и младите така што ја намалува способноста на домаќинствата да ги финансираат суштествените потреби на децата, како што се здравјето, образованието и сл.

Дополнителен проблематичен аспект е севкупното намалување на износите на социјални придонеси што се уплатуваат за пензиско и здравствено осигурување и осигурување за невработеност. Иако оваа мерка е донесена со цел да се генерираат нови вработувања, таа не ги произведе очекуваните резултати. Напротив, со оглед на финансиската криза и нејзиното влијание врз се поголемиот број на невработени луѓе, како и претходно реформираниот PAYG систем[6] и приватизацијата на примарната здравственазаштита, главниот ефект на оваа реформа ќе биде намалувањето на придонесите што се уплатуваат во фондовите за социјално осигурување, на тој начин намалувајќи ги расположливите средства за важни јавни услуги и бенефиции какви што се здравственото осигурување, осигурувањето при невработеност и пензиите. Намалувањето на социјалните придонеси исто така влијае и врз децата и младите бидејќи многу од нив зависат од социјалните бенефиции што ги примаат нивните родители и дедовци и баби.

Конечно, и земјоделците се целна група што е постојано поддржувана со владини субвенции почнувајќи од 2008 година. Во 2009 година, 70 милиони евра беа наменети за различни видови **субвенции** насочени кон земјоделците. Меѓутоа, многу од оние кои живеат на мали имоти (земјоделие за преживување) не се во состојба да извлечат корист од овие мерки затоа што тие обично не се осигурени/регистрирани, а приоритет им се дава на оние земјоделци кои што се официјално регистрирани. Како последица на ова, децата и младите  кои живеат во такви домаќинства се често пати негативно погодени, бидејќи овој проблем придонесува кон намалување на можностита за вработување кај младите , како и зголемена недоверба во јавниот систем кој не им користи подеднакво на сите земјоделски семејства.

## Заклучок

Како заклучок можеме да кажеме дека одговорот на владата на глобална економска криза не беше доволно насочен кон олеснување на ефектите на падот за главните “губитници” во овој процесс. Владините мерки само ретко се фокусираа на поединците и регионите кои беа најдиректно погодени од кризата. Од сите анти-кризни мерки, само две имаа директно социјално влијание: Акцискиот план за намалување на енергетската сиромаштија и воведувањето на СОС продавниците. И на овие мерки исто така им недостасуваше соодветна и дополнителна насоченост за да станат поефикасни. Згора на тоа, од сите мерки најавени во 2009 година, ниту една не беше директно фокусирана врз децата. Ова го потенцира отсуството на пристап чиј приоритет се децата и кој би можел да биде усвоен во времиња на економски ограничувања. Единствените мерки кои можеби имаа директен позитивен ефект врз децата и младите  во текот на 2009 година беа оние сврзани со обезбедувањето на бесплатни учебници и приоритетниот пристап до социјално домување за децата без родители или родителска грижа. За да се олеснат проблемите со кои се соочуваат децата и младите  за време на периодите на економска криза, владите треба да преземат повеќе јавни мерки чијашто цел е да им помогнат на ранливите домаќинства да ги покријат севкупните животни трошоци, особено во областите на домувањето, образованието и здравствената заштита

[6] Pay-as-You-Go (PAYG) е систем во кој придонесите на тековно вработените се користат за плаќање на пензиите на пензионираните работници



# ВТОР ДЕЛ:
# БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА - РЕЗУЛТАТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Цели

Оваа студија ги има следните општи и специфични цели:

### Општи цели

- Да ги утврди заканите за благосостојбата на децата и младите во целата земја што произлегуваат од тековната економска криза.

- Да ги процени социо-економските услови и состојба на најранливите групи деца и семејства за време на економска криза.

### Специфични цели

- Да се оценат можните намалувања на животниот стандард на семејствата и на нивоата на трошење кои влијаат врз благосостојбата на децата и младите луѓе. Да се понуди анализа на заканите и ризиците за децата и младите луѓе што произлегуваат од намалените економски способности на домаќинствата.

- Да се проценат можното нередовно посетување на наставата и влошувањето на успехот во училиште кај децата и младите луѓе во текот на дванаесетмесечниот период. Да се проценат причините за таквото нередовно посетување или намален успех.

- Да се оценат здравствената состојба, извршувањето на редовните здравствени прегледи и навиките во исхраната кај децата во текот на изминатите 12 месеци. Да се истражат причините за какви било утврдени намалувања на квалитетот на здравјето на децата во овој период.

- Да се процени количеството на квалитетно слободно време што родителите го минувале со децата во текот на изминатите 12 месеци. Да се истражат причините за какво било намалување на таквото квалитетно време.

- Да се процени секое зголемено работно ангажирање на децата и младите луѓе како резултат на економската криза.

- Да се оценат условите за домување на децата и младите и да се понуди увид во какви било намалувања на нивните стандарди и потреби на домувањето во текот на изминатите 12 месеци.

## Методологија

Анализата во оваа студија се заснова врз комбиниран квалитативен и квантитативен приод. Квантитативниот истражувачки метод првенствено вклучуваше теренско истражување врз основа на раслоен примерок на семејни домаќинства типичен за земјата. Истражувањето се спроведе преку прашалник како инструмент за добивање на релевантни податоци.

И покрај достапноста на значителен број релевантни официјални статистички податоци и дополнителни истражувања сврзани за детската благосостојба и детската сиромаштија, беше утврдена потреба за добивање на нови податоци кои би обезбедиле специфични информации за влијанието на неодамнешната глобална економска криза. Оправданоста за преземање на примарно истражување се потпираше на следните клучни размислувања:

- Недоволниот број на релевантни национални податоци (како статистички така и истражувачки податоци) за социо-економските случувања во 2009 година, односно, периодот во кој економската криза најсилно се манифестираше.

- Недостатокот од каков било статистички доказ или емпириско истражување што се однесува на специфичното влијание на економската криза врз децата и семејствата.

- Можноста што ја нуди примарното истражување да се процени опсегот на ефектите на кризата во однос на трошењето на домаќинствата за потребите на децата во областите како образованието, здравјето и исхраната.

- Можноста што ја нуди примарното истражување да се анализираат групи и семејства најпогодени од кризата, односно, семејства со членови кои ја загубиле работата во изминатите 12 месеци; семејства кои се потпираат исклучиво на испратени пари; семејства кои живеат од земјоделие; семејства кои зависат од детски додаток; и повеќечлените семејства.

- Можноста што ја нуди примарното истражување да се анализира моќта на системот за социјална заштита да им обезбеди поддршка на ранливите групи во периоди на криза преку социјална помош, образование, здравствена заштита, итн.

- Можноста што ја нуди примарното истражување да се обезбедат релевантни предлози за политики кои би ги подобриле условите на ранливите деца и да се препорачаат мерки чија цел би биле ранливите деца и семејства за време на економска криза.

## Бирање примероци

Примерокот искористен за целите на примарното теренско истражување се состоеше од примерок од семејни домаќинства типичен за земјата (исклучувајќи ги венчаните парови без деца). Примерокот вклучуваше 1.042 домаќинства со деца и млади луѓе. Единиците подложени на анализа беа домаќинства со деца и млади луѓе . Во оваа студија, како „деца“ се дефинираат личностите на возраст од 0 до18 години, додека како „млади луѓе“ се дефинираат личностите на возраст од 19 до 25 години. Иако официјалната статистика ги дефинира младите луѓе како личности на возраст до 24 години, оваа студија ги вклучи и оние на вораст од 25 години бидејќи многу луѓе на оваа возраст се се уште вклучени во образовниот процес и продолжуваат да живеат со своите родители.

*Типичниот примерок* беше раслоен на приближно еднакви делови според етничката припадност, регионот и местото

на престој. Овој начин на стратификација беше применет од две причини: прво, затоа што дозволуваше компаративна анализа преку три варијабли; второ, затоа што и овозможи на студијата да ги потенцира потребите на населението најпогодено со негативното влијание на финансиската криза, како и на оние групи кои општо земено се сметаат за најранливи.

Етничките групи вклучени во примерокот беа Македонци, Албанци, Турци и Роми.[1] Според официјалната статистика, ова се етничките групи кај кои е забележан највисок број на невработени,[2] најголем број на корисници на социјална помош,[3] и кај кои постои најзабележително општествена исклученост на младите.[4] Еднаков број на анкетирани беше избран од секја етничка група за да се овозможи попродлабочена анализа на најранливите етнички групи, односно првенствено на Ромите, но исто така и на Албанците и Турците.

Стратификацијата на примерокот по региони, односно вклучувањето на еднаков број на семејства со деца и млади луѓе по регион, беше применета поради фактот што најголемиот статистички регион, Скопскиот, е исто така и најбогатиот регион и се смета за најмалку погоден од економската криза. Бројот на домаќинства по регион во примерокот е така приближно еднаков за да се постигне поточна проценка на влијанието на кризата врз домаќинствата во помалку населените и помалку богатите региони за кои би можело да се претпостави дека биле повеќе погодени од економскиот пад.

Конечно, примерокот вклучуваше и еднаква распределеност на домаќинства кои живеат во урбани и во рурални области. Ова и овозможи на студијата да се фокусира на доволен број на анкетирани од руралните домаќинства, бидејќи таквите домаќинства се сметаат за поранливи на ефектите на кризата отколку урбаните домаќинства.
Структурата и големината на раслоениот примерок беше следната:

- Според етничка припадност: 261 Македонец; 261 Албанец; 264 Турци; и 256 Роми.

- Според географска локација: 8 статистички региони, односно (1) Полог; (2) Скопје; (3) Североисточен регион; (4) Југозападен регион; (5) Вардарски регион; (6) Источен регион; (7) Пелагонија; и (8) Југоисточен регион. Примерокот вклучуваше приближно 130 анкетирани по регион.

- Според местото на престој:

  - Урбани локации: Велес, Штип. Кочани, Кичево, Радовиш, Струмица, Битола, Гостивар, Куманово и Скопје (Шуто Оризари). Примерокот вклучуваше 521 анкетиран од урбани локации, со приближно 130 анкетирани по етничка група.

  - Рурални локации: Чашка, Криволак, Карбинци, Зајас, Долно и Горно Косврасти, Осој, Раштани, Босилово, Долнени, (Црнилиште, Дебреште, Ропотово), Теарце, Горна Бањица, Пчиња, Романовце, Бедиње, Липково, Студеничани, Зелениково, Сарај, Ново Село и Јурумлери. Примерокот вклучуваше 521 анкетиран од рурални локации, со приближно 130 анкетирани по етничка група.

Од табелите 7-9 подолу може да се види дека, покрај раслојувањето на групите по етничка припадност, регион и локација, примерокот вклучува главно венчани парови со деца, главно невработени

[1] Други етнички групи кои живеат во земјата но не беа анализирани во оваа студија се: Срби, Власи, Бошњаци и други (Извор: Податоци од пописот 2002, Државен завод за статистика).
[2] Невработеноста во април 2009 била распределена по етничка припадност на следниот начин: етнички Македонци 62,8%; етнички Албанци, 24,7%; Роми, 5,12%; и етнички Турци, 3,93%. Извор: Национална агенција за вработување 2007.
[3] Корисници на социјална помош според етничка припадност во 2007 година: етнички Албанци, 37%; етнички Македонци, 33,5%; Роми, 14,1%; и етнички Турци, 6,4%. Извор: Време, П. „Преглед на системот на социјална заштита во Република Македонија“, Министерство за труд и социјална политика, 2008 (необјавено).
[4] Новковска, Б., „Социо-економската положба на семејството како фактор во општествената исклученост од образованието и вработувањето кај поединци на возраст од 15до 19 години“ Необјавена магистерска теза (на македонски), Филозофски факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Скопје (2006).

луѓе и претежно луѓе со основно и средно образование.

Важно е да се нагласи дека секаде каде што тоа беше можно, истражувањето им даваше предност на мајките во анкетите наместо на татковците на семејствата. Ваквата предност беше давана затоа што се сметаше дека мајките ќе се покажат како порелевантен извор на информации во врска со благосостојбата на нивните деца.

Вкупно земено беа анкетирани 582 жени (55,9% од примерокот) и 460 мажи (44,1% од примерокот).

# Квалитативен метод

Квалитативните методи применети во оваа студија се состоеја од разгледување на расположливата литература и од дискусии со фокус групи. Анализата на дискурсот беше спроведена главно преку разгледување на литературата за политиките и истражувачката литература, како и преку разгледување на расположливите статистички податоци за социо-економските ефекти на кризата врз децата и младите луѓе. Изворите на податоци земени во предвид во анализата на дискурсот беа првенствено владини институции: Државниот завод за статистика, Народната банка на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување. Временската рамка на анализата се движеше од средината на 2008 до средината на 2009 година.

Дискусиите на фокус групите обезбедија дополнителни информации за ефектите на кризата врз оние групи население за кои се смета дека се најранливи на економската криза. Собраните одговори во овие дискусии на фокус групите го надополнуваат примарното истражување и служат да се понуди подобро појаснување на наодите. Беа одржани пет дискусии на фокус групи, при што секоја од нив вклучуваше 7-10 учесници од следните категории:

- Работници кои неодамна ја загубиле работа во текстилната и металската индустрија од источниот дел на земјата.
- Семејства кои живеат од испратени пари од западниот дел на земјата.
- Земјоделски семејства од јужниот дел на земјата.
- Повеќечлени семејства од 5 или повеќе члена од североисточниот дел на земјата.
- Семејства кои добиваат детски додаток од северниот дел на земјата.

Фокус групите не беа толку строго селектирани според статистички региони како што беше избирано населението во истражувањето. Меѓутоа, се обезбеди соодветна географска покриеност за да се оценат ефектите на кризата низ сите географски региони. Покрај ова, учесниците во фокус групите беа избирани и според проблемите кои станувaа најзабележливи за време на кризата, како што е се поголемата невработеност, намалувањето на количеството испратени пари и намалената побарувачка за земјоделски производи. Учесниците од домаќинства со повеќе членови од семејствата кои примаат детски додаток беа избрани со оглед на нивната долгорочна ранливост.

Беа изработени специјални насоки кои се состоеја од 10 до 15 прашања за да се насочуваат дискусиите на фокус групите и за да се овозможи прибирање на кратки, јасни и недвосмислени одговори и објаснениja.

Дискусиите на фокус групите беа снимани а снимениот материјал беше дополнително анализиран за да се утврдат најкарактеристичните ставови и мислења на домаќинствата погодени од економската криза, како и влијанието на кризата врз децата и младите луѓе. Добиените информации од дискусиите на фокус групите не го заменуваат квантитативното истражување, туку повеќе нудат продлабочени комплементарни податоци од избрани групи на испитаници.

Следните делови на студијата ја содржат анализата на податоците собрани преку квантитативните и квалитативните методи опишани погоре. Онаму каде што тоа е можно и соодветно, податоците добиени од нашето истражување се споредуваат со официјалните статистики и други релевантни национални извори за да оцени

Табела 7: Структура на примерокот според типот на семејството, полот, етничката припадност и локацијата

| Тип на семејството | Пол | Етничка и урбано-рурална поделба | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Роми | | Турци | | |
| | | Рурална | Урбана | Рурална | Урбана | Рурална | Урбана | Рурална | Урбана | |
| Самохрани родители | Мажи | 2 | 3 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 7 | 16 |
| | Жени | 1 | 6 | 2 | 5 | 9 | 11 | 4 | 3 | 41 |
| Вкупно | | 3 | 9 | 2 | 6 | 10 | 13 | 4 | 10 | 57 |
| Венчани парови со деца | Мажи | 52 | 53 | 48 | 34 | 48 | 53 | 69 | 72 | 429 |
| | Жени | 73 | 68 | 78 | 89 | 57 | 47 | 56 | 45 | 513 |
| Вкупно | | 125 | 121 | 126 | 123 | 105 | 100 | 125 | 117 | 942 |
| Невенчани парови со деца | Мажи | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 | 6 | 1 | 2 | 14 |
| | Жени | 0 | 1 | 2 | 1 | 12 | 5 | 1 | 3 | 25 |
| Вкупно | | 0 | 2 | 2 | 1 | 16 | 11 | 2 | 5 | 39 |
| Други | Мажи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | Жени | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| Вкупно | | 128 | 133 | 130 | 131 | 131 | 125 | 132 | 132 | 1.042 |

Табела 8: Структура на примерокот според етничка припадност, пол и образование

| | | Состојба со вработеноста на родителите | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Етничка припадност | Пол | Вработени во приватен сектор | Вработени во јавен сектор | Само-вработени | Невработени | Пензионер | Други | |
| Македонци | Мажи | 47 | 11 | 9 | 34 | 8 | 1 | 110 |
| | Жени | 40 | 10 | 8 | 88 | 3 | 1 | 150 |
| | Вкупно | 87 | 21 | 17 | 122 | 11 | 2 | 260 |
| Албанци | Мажи | 16 | 18 | 18 | 24 | 4 | 3 | 83 |
| | Жени | 12 | 12 | 8 | 142 | 3 | 1 | 178 |
| | Вкупно | 28 | 30 | 26 | 166 | 7 | 4 | 261 |
| Турци | Мажи | 47 | 15 | 24 | 60 | 1 | 4 | 151 |
| | Жени | 17 | 1 | 8 | 86 | 0 | 1 | 113 |
| | Вкупно | 64 | 16 | 32 | 146 | 1 | 5 | 264 |
| Роми | Мажи | 29 | 4 | 7 | 71 | 2 | 1 | 114 |
| | Жени | 2 | 1 | 5 | 132 | 0 | 1 | 141 |
| | Вкупно | 31 | 5 | 12 | 203 | 2 | 2 | 255 |
| **Вкупно** | | 210 | 105 | 87 | 637 | 21 | 13 | 1,040 |
| | % | 20,2 | 6,9 | 8,4 | 61,3 | 2,0 | 1,3 | 100% |

Табела 9: Структура на примерокот според етничка припадност, пол и образование

| | | Образование на родителите | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Етничка припадност | Пол | Без образо-вание | Нецелосно основно образование | Основно образо-вание | Нецелосно средно образо-вание | Средно образо-вание | Повисоко образо-вание | Терцијарно образо-вание | |
| Македонци | Мажи | 0 | 2 | 14 | 1 | 75 | 9 | 9 | 110 |
| | Жени | 1 | 2 | 31 | 0 | 92 | 9 | 15 | 150 |
| | Вкупно | 1 | 4 | 45 | 1 | 167 | 18 | 24 | 260 |
| Албанци | Мажи | 1 | 3 | 28 | 2 | 35 | 5 | 9 | 83 |
| | Жени | 9 | 26 | 89 | 1 | 36 | 4 | 13 | 178 |
| | Вкупно | 10 | 29 | 117 | 3 | 71 | 9 | 22 | 261 |
| Турци | Мажи | 13 | 16 | 52 | 0 | 51 | 6 | 13 | 151 |
| | Жени | 23 | 34 | 43 | 0 | 11 | 0 | 2 | 113 |
| | Вкупно | 36 | 50 | 95 | 0 | 62 | 6 | 15 | 264 |
| Роми | Мажи | 16 | 24 | 54 | 1 | 19 | 0 | 0 | 114 |
| | Жени | 49 | 45 | 39 | 0 | 7 | 1 | 0 | 141 |
| | Вкупно | 65 | 69 | 93 | 1 | 26 | 1 | 0 | 255 |
| Вкупно | | 112 | 152 | 350 | 5 | 326 | 34 | 61 | 1,040 |
| % | | 10.8 | 14.6 | 33.7 | 0.5 | 31.3 | 3.3 | 5.9 | 100% |

дали тие нудат некакви нови информации во врска со заканите за благосостојбата на децата и младите луѓе.
Конечно, резултатите од оваа студија исто така ќе послужат како основа за развивање на збир од препораки за политиките за подобрување на благосостојбата на децата и младите луѓе во времиња на економска криза.

## Животен стандард

Животниот стандард обично опаѓа за време на економска криза како резултат на разните намалувања во јавното трошење, во можностите за вработување, во приходите, како и на нередовното исплаќање на платите, зголемените цени на основните стоки и други фактори. Сите овие фактори вршат притисок врз домаќинството да ги реорганизира своите навики на трошење. Така на пример, плановите за продолжување на образованието би моежеле да бидат одложени а редовните здравствени прегледи би можеле да престанат заедно со усвојувањето на други мерки на штедење. Овој дел ќе анализира до која мера економските случувања во текот на разгледуваниот дванаесетмесечен период влијаеле врз животниот стандард на разните типови домаќинства во земјата, на тој начин овозможувајќи проценка на ризиците и заканите за благосостојбата на децата и младите луѓе.

Од 1.042 анкетирани од домаќинства со деца, 50,4% изјавиле дека нема промена во нивото на нивните приходи во претходните дванаесет месеци. Но сепак значителен број на анкетираните (38,4%) пријавил намалување на приходите, доека пак 2,6% пријавиле дека биле подложени на нерегуларни исплаќања на нивните приходи. Од оние чиишто приходи опаднале, мнозинството биле Роми (28,1%), следени од етничките Турци (26,1%), етничките Албанци (23,8%) и Македонци (22,1%). Региони кои биле најпогодени од опаѓањето се Југоисточниот и Полошкиот.Според типот на семејството, опаѓањето на приходите било најзабележливо кај семејствата со самохрани родители (мајка) и кај невенчаните парови со деца. Значително намалување на приходите било исто така пријавено и од домаќинствата со пет или повеќе членови и од семејствата со четири или повеќе деца. Според работниот статус, намалување на приходите било главно пријавено од страна на

Табела 10: Состав на учесниците во фокус групите

| | Невработени од неодамна | | Приматели на испратени пари | | Земјоделски домаќинства | | Повеќечлени семејства | | Корисници на детски додаток | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Македонци | 6 | 4 | / | / | 7 | 2 | / | 1 | 2 | 1 |
| Албанци | / | / | 3 | 3 | / | / | / | / | 3 | / |
| Турци | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / |
| Роми | / | / | / | / | / | / | 4 | 2 | 2 | 1 |
| Други | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1(Србинка) |
| Вкупно | 6 | 4 | 5 | 3 | 7 | 2 | 4 | 3 | 7 | 3 |

самовработените и невработените луѓе. Конечно, според месечните приходи по домаќинство, опаѓање на приходите првенствени пријавиле семејствата во кои таткото добивал месечни приходи до 5.500 МКД (89 евра), а мајката немала приходи.

Горенаведените резултати сугерираат дека економската криза придонела кон намалување на приходите кај оние семејства кои вообичаено се сметаат за поизложени на ризик, како на пример повеќечлените семејства, семејствата со самохрани родители, ранливите етнички групи (Роми), домаќинствата кои живеат со ниски приходи или без приходи и кај самовработените и невработените. Покрај ова, резултатите на истражувањето ги потврдуваат официјалните бројки во врска со регионите најпогодени од еконмската криза. Така, Југоисточниот регион, каде што се најприсутни текстилните и металските индустрии, бил најпогоден од економскиот пад. Во други региони, како Полошкиот, повеќе од просечниот број на поединци ја загубиле работата (дома или во странство) и/или биле погодени со губење или намалување на нивните редовни приходи или испратени пари.

Анализата на приходите на домаќинствата исто така може да послужи како индикатор за бројот на децата кои живеат во сиромаштија. Иако официјално сиромаштијата се пресметува преку трошењето на домаќинството, овде изнесената анализа се заснова врз приходите на домаќинствата (Табела 11). (Овој метод на пресметување на сиромаштијата врз основа на приходите на домаќинствата е важен чекор во процесот на усогласување на националната статистика со стандардите на ЕУ.)

Графикон 3: Деца, млади луѓе и типови на семејства најпогодени од намалените родителски приходи



Табела 11: Домаќинства со деца и млади луѓе под прагот на сиромаштијата според месечниот приход на домаќинството

| Домаќинства со деца и млади луѓе според возраста на нивните деца | Домаќинства без приходи | Домаќинства со приходи до 5.500 МКД | Вкупно | % на домаќинства кои живеат под прагот на сиромаштијата |
|---|---|---|---|---|
| 0–6 | 60 | 64 | 124 | 11.9% |
| 7–14 | 38 | 54 | 92 | 8.8% |
| 15–18 | 15 | 15 | 30 | 2.8% |
| 19–25 | 44 | 15 | 59 | 5.6% |
| комбинација од сите | 70 | 128 | 198 | 19% |
| ВКУПНО | 227 | 276 | 503 | 48.1.% |

Во 2008 година, прагот на сиромаштијата (пресметан како еквивалент на 70% од средната вредност на трошењето на домаќинствата) бил поставен на 65.398 МКД или 1.066,79 евра (еквивалент на годишното трошење по еден возрасен). Ова значи дека линијата на сиромаштијата во 2008 година, пресметана како еквивалент на месечното трошење по возрасен поединец, била 5.449 МКД, или 89 евра. Бројот на домаќинства без приходи или со приходи до 5.500 МКД укажува дека 48,1% живеат под прагот на сиромаштијата. Со исклучок на домаќинствата со деца чијашто возраст се движи во опсегот на „комбинација од сите возрасти", децата што живеат во сиромашни домаќинства се претежно на возраст од 0 до 6 години. Алармира фактот што од сите анкетирани домаќинства, 21,7% живеат без никакви приходи или во услови на крајна сиромаштија. Повторно, најпогодена група се децата на возраст од 0 до 6 години.

Губење на работното место за време на периодот на економската криза пријавиле 17,5% од анкетираните домаќинства. Едно неодамнешно истражување преземено врз сличен типичен примерок (ФЕС, 2009) дојде до сличен наод од 19% кога станува збор за бројот на загубени работни места за време на кризата. Така, може да се заклучи дека економската криза придонела за зголемување на и онака високото ниво на невработеност и за опаѓање на животниот стандард. Нашето истражување покажува дека повеќето загубени работни места (58,2%) се случиле кај домаќинствата кои живеат во урбани области, претежно во Источниот регион (20,9%), Скопскиот регион (17%), и Полошкиот регион (14,3%). Според етничка припадност, повеќето од загубените работни места биле регистрирани меѓу Македонците (35,7%), а по нив следеле Турците (23,1%), Ромите (22,5%) и Албанците (18,7%). Од аспект на типот на семејството, повеќето домаќинства кои доживеале загуба на работното место биле семејства со самохрани родители, семејства со еден до три семејни члена, семејства со само едно дете, семејства со млади луѓе на возраст од 19 до25 години, и семејства со деца на возраст од 0 до 6 години (Графикон 4). Ова исто така е потврдено и со анализата на возраста на родителите, според која повеќето од загубените работни места биле забележани во возрасната група од 50-65 години, а следни по број на загубени работни места биле помладите парови на возраст од 18 до 29 години.

Резултатите на студијата покажуваат дека најпогодени од економската криза во смисла на намалени приходи и загуба на работното место биле семејствата со самохрани родители.

Кај другите типови на семејства постојат забележителни разлики. На пример, иако намалување на приходите главно било евидентирано кај домаќинствата со четири или повеќе деца, загубите на работоното место биле најзастапени кај семејствата со еден до три семејни членови и кај семејствата со едно дете. Ова сугерира дека помладите парови и постарите родители, односно, категоријата која што регистрирала најголем

Графикон 4: Типови на семејства каде што се случиле загуби на работните места во разгледаниот период




удел во загубените работни места, обично имаат понесигурни видови на вработување (на пример, вработување со половина работно време или вработувања на одредено време) и/или работни места сврзани со индустриите кои најдиректно биле погодени од кризата. Исто така би можело понатаму да се заклучи дека домаќинствата со повеќе семејни членови и повеќе деца обично се вработени или на таков вид работни места кои, иако посигурни, се исто така поподложни на промените на побарувачката на пазарот (на пример, самовработените) и/или сметале на финансиските ресурси кои се намалиле за време на кризата (на пример испратени пари). Од ова може да се претпостави дека има две категории на деца кои биле попогодени од која било друга категорија од ваквото намалување на животниот стандард на нивните родители и/или другите членови на семејството. Во првата категорија спаѓаат децата чиишто родители ја загубиле работата, односно, оние што живеат во семејства со самохрани родители: млади луѓе на возраст од 19 до 25 години, и деца на возраст од 0 до 6 години. Во втората категорија спаѓаат децата чиишто родители биле погодени од намалување на приходите, или децата кои живеат во повеќечлени семејства (со 4 или повеќе браќа и сестри).

Анализата на дискусиите на фокус групите, кои вклучуваа пет различни типови домаќинства, укажува дека најпогодени од економската криза биле семејствата кои работат земјоделие и семејствата со пет или повеќе членови. Овие домаќинства биле особено сериозно погодени, не само поради намалувањето на приходите и, во некои случаи, губењето на работата во текот на дванаесет-месечниот период, туку исто така и поради тоа што нивниот животен стандард и онака бил низок и пред кризата, односно, тие немале никакви заштеди, ниту пак соодветни услови за домување, и сл.

Покрај загрозувањето на работните места и намалувањето на приходите, економската криза исто така влијаела и врз трошоците на домаќинствата. Резултатите на квантитативното истражување покажуваат дека повисоките цени на храната, енергијата и другите основни производи во текот на дванаесет-месечниот

Графикон 5: Домаќинства кои страдаат од финансиска исклученост (кои не поседуваат банковна сметка), според етничка припадност и локација




период ги кренале трошоците на 89,3% од сите домаќинства, без некои позначителни варијации според локацијата, регионот, етничката припадност или типот на семејство. Од сите домаќинства разгледани со оваа студија, 79,7% одговориле дека имале поголеми потешкотии да ги платат своите месечни сметки за електрична енергија, вода и храна споредено со претходната година. Од аспект на етничката припадност, ваков проблем пријавиле малку поголем дел од домаќинствата кај ромското и турското население отколку кај другите етнички групи, при што 27,1% од ромските домаќинства и 26,6% од турските домаќинства изјавиле дека имаат тешкотии да ги платат таквите сметки. Од аспект на типовите на семјествата, забележано е дека овој проблем бил најголем кај семејствата со самохрани родители (каде што мајката е глава на домаќинството) и кај семејствата со три деца.

Од аспект на работниот и образовниот статус, групите со највисок удел на семејства кои пријавиле проблеми со плаќањето на сметките се оние чиишто членови се или самовработени или невработени и оние чиишто членови имале само нецелосно средно образование. Ваквиот наод не изненадува со оглед на тоа што можностите за вработување на неквалификуваниот труд со пониски нивоа на образование се ретки во времиња на криза, на тој начин зголемувајќи го притисокот врз овие типови семејства.

Ова може да појасни зошто ромските и турските домаќинства, како и семејствата со самохрани родители, се изложени на поголеми проблеми во плаќањето на нивните сметки за домаќинство во времиња на економска криза.

Во врска со способноста на домаќинствата да ги отплаќаат своите заеми од банките или станбените кредити во овој дванаесетмесечен период, 48,7% од анкетираните изјавиле дека немаат никакви заеми или станбени кредити. Овој индикатор, заедно со фактот дека 65,7% од анкетираните изјавиле дека немаат банковна сметка, ја нагласува состојбата на финансиска исклученост што измачува поголем дел од населението (Графикон 5). Различни причини се изнесуваат како објаснување на оваа состојба на финансиска исклученост, како што е на пример немањето на потребната документација, недостатокот на образование и знаење, ригидноста и конзервативизмот на банкарскиот систем на земјата и ниското ниво на доверба во финансискиот сектор (Борнарова, Геровска-Митев, 2009). Без разлика на причините, овој проблем е многу загрижувачки бидејќи немањето на банковна сметка сериозно ги ограничува можностите што им се на располагање на домаќинствата да акумулираат заштеди, да преземаат банковни трансакции или да имаат пристап до кредити и осигурување. Размерот и сериозноста на овој проблем ги покажува фактот дека 90,1% од анкетираните во истражувањето

Графикон 6: Стратегии на справување со економската криза на домаќинствата со деца




изјавиле дека немаат никакви заштеди. Згора на тоа, повеќето од домаќинствата кои учествувале во дискусиите на фокус групите на студијата (со исклучок на оние кои добивале испсратени пари) исто така изјавиле дека немаат никакви заштеди. Овој проблем го ограничува изборот на родителите во врска со стратегиите на справување со економската криза и ги ограничува средствата што им се на располагање за задоволување на потребите на нивните деца.

Од сите анкетирани во оваа студија. 20,3% изјавиле дека се соочиле со поголеми проблеми во исплаќањето на нивните долгови и станбени кредити во текот на разгледаниот дванаесет месечен период. Повеќето од оние што пријавиле вакви проблеми биле домаќинства со македонско етничко потекло кои живеат во урбани области во Источниот регион. Повеќето биле од домаќинства со три до пет членови на семејството и со млади луѓе на возраст од 19 до 25 години. Повеќето имале повисоко (две или повеќе години) универзитетско образование и работеле во јавниот сектор со месечен приход од 18.000 МКД (300 евра) или повеќе. Овие типови домаќинства обично не припаѓаат на социјално ранливото население во земјата. Меѓутоа, за време на економската криза нивните постоечки приходи се покажале недоволни за да ги издржат ефектите на зголемената ригидност на банкарскиот систем, на пример, зголемените каматни стапки, намалените временски интервали за плаќање и сл. Од друга страна, оние кои немаат никакви заеми или станбени кредити обично припаѓаат на категоријата на поранливи домаќинства бидејќи тие претствуваат поризична категорија во очите на банките. Во оваа категорија првенствена спаѓаат домаќинствата со албанско и ромско етничко потекло од руралните области во Североисточниот регион со родители на возраст меѓу 50и 65 години и со пет или повеќе членови на семејството и со три деца.

Конечно, животниот стандард на домаќинствата беше мерен и според стратегиите за справување со економската криза. Како што може да се види во Графиконот 6, само 4,3% од сите анкетирани домаќинства изјавиле дека не почувствувале никаква потреба да побарат дополнителни приходи за да го поддржат својот животен стандард како резултат на намалувањето на приходите на домаќинството поради губењето работа или некои други ефекти на економската криза. Од оние домаќинства кои ги објасниле нивните стратегии на справување, повеќето пријавиле дека се зафатиле со земјоделство или трговија како средство за одржување на животниот стандард, додека пак некои пријавиле дека ги користат пензиите на нивните родители за са се справат со финансиските потешкотии. Трети изјавиле дека обично се анагажирале во градежништвото, како помош во домаќинствата или со друга мануелна работа во периодите кога немале никаков формален извор на приходи или добивале намалени приходи.

Како што покажува Графиконот 6, повеќето домаќинства одговориле „Друго“ на прашањето што се однесувало на нивните стратегии за справување. Анализата на одговорите во оваа категорија укажува дека стратегиите за справување на повеќето од овие домаќинства го вклучувале следното: земање заеми или подигање на кредити; работење во приватниот сектор (неутврдени работни места); произведување на ракотвроби; и изведување на различни видови работа. Останатите анкетирани се справувале така што се впуштале во неформалната економија или се зафаќале со фармерство за преживување.

Анализата на дискусиите водени во фокус групите укажува дека стратегиите за справување што обично ги применувале сите типови на домаќинства го вклучувале следното: заеми од роднини; одложување на исплаќањето на долговите и заемите; користење на социјална помош; хонорарна работа; и во ретки случаи земање на кредити и заеми од банките.

Општо земено, резултатите на ова истражување во врска со животниот стандард за време на економската криза укажуваат дека домаќинствата се изложени на сериозни закани и ризици кои можат да имаат директно влијание врз благосостојбата на децата и младите луѓе. Како главни закани во разгледаниот дванасет месечен период се појавиле: намалените приходи (38,3% од домаќинствата); нередовноста на приходите (2,6%), губењето на работата (17,5%); зголемените семејни трошоци (89,3%); и проблемите со плаќањето на месечните сметки за електрична енергија, вода и храна (79,7%). Покрај ова, 65,7% од домаќинствата со деца не биле способни да ги ублажат овие проблеми во некоја значајна мерка поради нивната финансиска искученост, односно поради немањето на банковна сметка, додека пак 90,1% немале никакви финансиски заштеди за да им се најдат во овој период. Повеќето од овие домаќинства се на овој начин принудени да применат дополнителни стратегии за справување, кои главно вклучуваат некаков вид на неформална економска активност, или мораат да се справат со ситуацијата така што драматично ќе ги намалат трошоците дури и за некои основни производи.

Овие економски ограничувања несомнено влијаат врз животите на децата и младите луѓе низ целата земја. Еден од највообичаените ризици е губењето на редовен пристап на децата и младите луѓе до производите какви што се книгите, облеката и компјутерите. Кај посиромашните домаќинства, економските ограничувања би можеле дури и да предизвикаат промени во квантитетот и квалитетот на храната што им е достапна на децата. Исто така би можел да биде попречен и пристапот до основните услуги што им се потребни на децата за нивниот развој, вклучувајќи го и намаланиот пристап до образование, детска грижа и здравствена заштита, како и намалувањата на животниот стандард (на пример недостатокот од греење). Во некои случаи. економските ограничувања би можеле да ги принудат децата да и се придружат на работната сила или да преземат повеќе задачи во домаќинството. Сериозната економска немаштија може да резултира со депресија и насилство кои можат да им наштетат на емоционалната благосостојба и долгорочниот развој на децата и младите луѓе. Конечно, ризикот од трговија со луѓе и уличното просење исто така би можел да зголеми, особено кај квинтилите со пониски приходи и кај некои етнички групи (Роми). Ефектот на овие ризици врз благосотојбата на децата и младите луѓе во земјата во текот на последните дванаесет месеци ќе биде разгледан и проценет во деловите што следат.

Графикон 7: Деца и млади луѓе исклучени од образованието, според возрасни групи




„Мојот сопруг замина во странство за да заработи пари и сега ситуацијата е подобра. Ја нашправивме таа жртва заради децата.“

„Сите вработени можат да бидат отпуштени, но први за отпуштање се оние што не се „соодветни“, оние што повеќе се„бунат“. Постојано си во страв да не те отпуштат.“

„Работевме прекувремено без да ни платат. Ако го пријавам ова кај трудовата инспекција, се плашам дека иснпекторите ќе му пренесат на мојот вработувач. Сите се поврзани. Проблемот е во системот.“

„На извесен начин, економската криза може да има и позитивен ефект бидејќи децата ја добиваат економската навика да штедат.“

„Моето домаќинство подигна кредит, но условите се многу строги. Мораш да обезбедиш невозможни гаранции, како на пример двајца кои работат во јавната администрација кои би биле жиранти за кредитот, а тоа е многу тешко. Но најзастрашувачки се каматните стапки.“

„Порано имавме повеќе, но сега сме невработени и нашите приходи се пониски. Јас сум отпуштен работник и не добивам ништо од Агенцијата за вработување

*Изјави од дускусиите на фокус групите со родителите кои неодамна ја загубиле работата и семејствата кои добиваат испратени пари*

## Образование

Пристапот до образование е витален фактор во когнитивниот и општествениот развој на децата, зголемувајќи ги нивните изгледи за идно вработување и економски статус во општеството.

Официјалните бројки и утврдените трендови во врска со образовните постигања во земјата сугерираат причина за загриженост. Според Студијата за детска сиромаштија на УНИЦЕФ од 2007 година, само 10,7% од децата на возраст од 3 до 5 години посетувале некаков вид на организирана пред-училишна активност во 2005 година. Последните податоци оц Државниот завод за статистика покажуваат зголемување од 5,6% кај бројот на деца што посетувале пред-училишно образование во 2007 година: вкупниот број на деца во јавните институции за детска грижа и образование, односно градиники, изнесувал 27.711. Меѓутоа стапките на запишување во основното образование покажуваат надолен тренд. Според Државниот завод за статистика, бројот на ученици кои посетуваат редовно настава во основните училишта на крајот на учебната 2007/2008 година изнесувал 220.833, намалување од 3,2% во споредба со претходната учебна година. Во средните училишта, иако стапката на запишување општо земено расте, официјалните бројки покажуваат

Графикон 8: Деца и млади луѓе кои редовно не посетуваат образование, според етничка припадност




дека бројот на ученици во повисоките средни училишта на крајот на учебната 2007/2008 година изнесувал 92.753, пад од 1,1% во споредба со минатат учебна година. Точните причини за овие негативни трендови остануваат неистражени и утврдувањето на сите нив го надминува опсегот на оваа студија. Меѓутоа, важно е да се забележи дека овие негативни трендови се најзабележливи кај децата од одредени ранливи групи, како децата Роми, децата од социјално лишени семејства, децата кои живеат во рурални области и децата со пречки во развојот. Овој дел исто така има за цел да одреди дали економската криза довела до влошување кај образовните постигања и успех. Исто така има за цел да го одреди влијанието на кризата врз трошоците за образование кај одредени групи на домаќинства и врз идните образовни изгледи на децата од овие домаќинства.

Од 1.042 анкетирани во нашето истражување, 76,3% имаат деца на училишна возраст. Од оваа група на 794 носители на домаќинства, 68,5% имаат деца кои редовно посетуваат формално образование, додека 4,2% нередовно посетуваат образование и уште 4,5% воопшто не посетуваат никакво образование.

Анализата според возраста на децата и младите луѓе исклучени од образование укажува дека овој проблем е најзабележлив кај младите луѓе на возраст од 19-25 години, и по нив, кај децата на возраст од 15-19 години.

Графикон 9: Деца и млади луѓе целосно исклучени од формалното образование според региони



Овие наоди за образовната исклученост кај одредени возрасни групи се во согласност со официјалната статистика за стапките на напуштање на образованието. Нашата студија укажува дека образовната исклученост кај децата на возраст од 15-18 погодувала 2,11% во 2009 година, додека образовната исклученост кај децата на возраст од 7-14 години погодувала 1,9%. Според Националната стратегија за вработување (2005), годишната стапка на напуштање на образованието за основните училишта изнесува 1,42%, додека пак оваа стапка за средните училишта изнесува 2,4%.

Мнозинството деца и млади луѓе што не посетуваат редовно настава се од домаќинства од рурални области, претежно од Источниот регион. 73,20% од нив се со ромско и турско етничко потекло. Од аспект на типовите на семејствата, повеќето од овие деца се од домаќинства на невенчани парови или од домаќинства со пет или повеќе члена, или семејства со три деца. Мнозинството од овие деца доаѓаат од домаќинства каде што родителите немаат никакво образование или имаат нецелосно основно образование и работат или во приватниот сектор или се невработени.

Од децата кои воопшто не посетуваат настава и на тој начин целосно се исклучени од образовниот систем, мнозинството живее во Вардарскиот регион и се со ромско етничко потекло. Повеќето живеат или во семејства со самохрани родители во кои мајката е глава на домаќинството, или во домаќинства со 5 или повеќе членови. Повеќето се од домаќинства каде што таткото има нецелосно средно образование а мајката има нецелосно основно образование. Типичниот образовен статус на родителите на овие деца укажува дека проблемот на образовната исклученост или раното напуштање на училишниот систем се повторува со генерации: децата од овие семејства обично не постигаат повисоки образовни нивоа од нивните родители. Причините за ова може да се бараат не само во образовната историја на таквите домаќинства, туку исто така и во немањето на подобро насочени образовни политики чија цел би била поддршката за овие семејства, како и недостатокот од инвестиции во образованието во регионите/местата каде што живеат овие деца. Резултатите на ова истражување соодветствуваат со претходно генерираните познавања и официјалните податоци.

Со оглед на тоа што само 0,6% од домаќинствата пријавиле дека нивните деца почнале нередовно да посетуваат настава или целосно престанале да посетуваат настава во текот на дванаесетте месеци разгледувани во оваа студија, јасно е дека причините за исклученоста на овие деца од образованието не може директно да се поврзе со неодамнешната економска криза. Социо-економскиот и образовен профил на домаќинствата на кои што им припаѓаат овие деца и млади луѓе така се чини останува главна причина за нивните ниски образовни постигања.

Студијата понатаму ги анализираше причините за нередовно посетување на наставата или непосетувањето на наставата кај овие одредени категории. Недостатокот од доволни финансиски ресурси отскокнува како главна причина што се дава за нередовното посетување или непосетување на наставата. Овој проблем е особено забележителен во Вардарскиот регион и е особено изразен кај руралните домаќинства, претежно кај ромските, но исто така и кај турските домаќинства. Мнозинството деца што се

Графикон 10: Причини за слаба посета  или непосетување на наставата



Графикон 11: Профил на децата и младите луѓе кои престанале да посетуваат настава за време на анализираниот период




делумно или целосно исклучени од образованието живеат во семејства со самохрани родители и со просечно три деца. Анализата на овие типови на домаќинства на кои што им припаѓаат повеќето од овие деца укажува дека недостатокот на финансиски ресурси, заедно со други елементи, како што се локацијата, етничката припадност и бројот на децата во семејството, сите заедно придонесуват кон зголемувањето на ризикот децата да бидат исклучени од образованието.

Меѓу 7,7% од домаќинствата чиишто деца или нередовно посетувале настава или воопшто не посетувале настава, 5,2% изјавиле дека овој проблем постоел и пред економската криза, додека пак 0,6% изјавиле дека проблемот започнал во претходните 12 месеци. Од оваа втора група на деца, повеќето се од урбани области во Источниот и Пелагонискиот регион и се главно со турско етничко потекло. Повеќето доаѓаат од следните типови на домаќинства: невенчани парови со деца, домаќинства со три до пет семејни членови и домаќинства со три или повеќе деца. Овој профил на деца исклучени од образованието во разгледаните дванаесет месеци соодветствува со профилот на домаќинствата кои биле подложени на намалување на животниот стандард како резултат на економската криза.

Истражувањето исто така ги оценуваше и промените во просечниот училишен успех кај децата и младите луѓе во текот на дванаесет месечниот период. Според одговорите на семејствата, само 7,01% забележале послаб успех во училиште кај нивните деца во текот на претходната година. Иако ова влошување на училишниот успех можеби се случило поради причини кои не се директно сврзани со кризата, профилот на оние со пониски оценки на училиште се покажа како сличен на оној на децата исклучени од образованието за време на истиот период и на профилот на децата и младите луѓе од семејства чиишто животни стандарди опаднале како резултат на економската криза. Единствениот исклучок што може да се воочи во овој случај е сврзан со етничката припадност: имено, домаќинствата со албанско етничко потекло биле најпогодени од проблемот на понизок образовен успех во овој дванаесетмесечен период. И покрај ова, студијата не пронајде очигледна поврзаност меѓу понискиот успех на училиште и

Графикон 12: Промени во успехот на училиште кај децата и младите луѓе




Забелешка: Категоријата „Друго“ ги вклучува домаќинствата со деца кои посетуваат настава во прво одделение или пониско и кај кои компаративното вреднување на успехот не може да се примени.

.

оние домаќинства кои не биле способни целосно да ги задоволат образовните потреби на нивните деца, освен во случајот на домаќинствата со турска етничка припадност.

И иако се утврди дека само мал процент од децата и младите луѓе биле погодени од проблемот на послаб образовен успех во овој период, важно е да се забележи поврзаноста на економската криза и ризикот кај одредени домаќинства од понизок училишен успех. Домаќинства најмногу изложени на овој ризик се оние кај кои се случила загуба на работното место или намалени приходи за време на економската криза.

Како што покажува оваа студија, економската криза била влошувачки фактор за тешкотиите со кои се соочувале домаќинствата во покривањето на зголемените трошоци и сметки за домаќинството. Со оглед на тоа што трошоците за образование не се занемарлива ставка на списокот на трошоци на домаќинството, анкетираните беа прашани дали успеале да ги покријат сите училишни неопходности (училишен прибор, тетратки, чанти, и сл.) за учебната година 2009/2010. Од 791 домаќинство со деца на училишна возраст, само 38,1% изјавиле дека биле способни целосно да ги задоволат училишните потреби на нивните деца. 31,4% од домаќинствата можеле само делумно да ги задоволат училишните потреби на своите деца, додека 25% воопшто не биле способни да ги задоволат тие потреби. Ова е важен индикатор бидејќи покажува дека економската криза го влошила и ризикот од намалена посета на наставата покрај намалувањето на редовниот пристап на децата до производи каков што е училишниот прибор.

Повеќето од домаќинствата кои воопшто не биле способни да им обезбедат училишен прибор на своите деца се од Вардарскиот регион, и претежно се од ромско етничко потекло. Мнозинството се семејства со самохрани родители, иако некои се невенчани парови со деца, или имаат повеќечлени домаќинства со четири или повеќе деца. Децата од овие домаќинства биле главно на возраст од 0 до 6 години, а веднаш зад нив биле младите луѓе на возраст од 19-25 години. Повеќето од нивните родители немаат никакво образование или имаат нецелосно образование и најчесто се невработени. Според нивните просечни приходи на домаќинството, овие домаќинства живеат под прагот на сиромаштијата, односно, се без приходи или со месечен приход под 5.500 МКД (89 евра).

Во дискусиите на фокус групите, учесниците од домаќинствата со повеќе деца сугерираа дека потребите на постарите деца и девојчиња се поголеми, па така овие деца биле најпогодени од економските тешкотии. Меѓутоа, овие учесници

Графикон 13: Способноста на домаќинствата да го обезбедат неопходниот училишен прибор во времиња на економски тешкотии




исто така пријавија дека нивните деца не биле лишени од потребите во врска со редовното посетување на наставата како резултат на економската криза.

Резултатите од квантитативното истражување покажуваат дека највидливото влијание на економската криза врз образованието било намалувањето на способноста на домаќинствата да платат за неопходниот училишен прибор за своите деца. 55% од семејствата со деца на училишна возраст пријавиле ваков проблем. Ова укажува на потребата од поголема поддршка од владата, не само во смисла на обезбедување на бесплатни учебници, туку исто така и преку обезбдување на дополнителна поддршка за да им се олесни товарот на трошоците на домаќинствата за образование, особено во времиња на економска криза.

Конечно, клучното прашање се однесуваше на способноста на домаќинствата да им обезбедат на своите деца понатамошно образование (имено, продолжување на следното образовно ниво). 50,1% од анкетираните изјавиле дека би биле способни да ги задоволат таквите идни образовни потреби, додека останатите учесници одговориле дека би се соочувале со тешкотии доколку би требало да им обезбедат на децата непрекинат пристап до понатамошно образование.

Оние домаќинства кои изјавиле дека не се способни да ги поддржат своите деца низ следното ниво на образование поради финансиски ограничувања точно се поклопувале со профилот на оние домаќинства со деца кои или нередовно посетувале настава или воопшто не ја посетувале. Ова сугерира дека децата од социјално ранливите категории се изложени на уште поголем ризик за време на економски ограничувања и потенцијално би можеле целосно да го напуштат образовниот систем.

Графикон 14: Способноста на домаќинствата да им обезбедат на своите деца понатамошно образование



Студијата покажува дека не постои директна поврзаност меѓу влијанието на економската криза врз посетувањето на наставата и училишниот успех кај децата и способноста на домаќинствата да им обезбедат на своите деца понатамошно образование. Единствениот исклучок од ова непостоење на директна поврзаност се однесува на училишниот прибор: повеќето од домаќинствата пријавиле проблеми во обезбедувањето на таквиот прибор за време на економската криза. Од податоците за малата група на домаќинства кои имале проблеми да им обезбедат на своите деца редовен пристап до образование, главно поради финансиски причини, може да се согледа дека тие потпаѓаат во истите категории на домаќинства кои веќе се соочувале со вакви проблеми и пред кризата. Децата од оваа категорија се соочуваат со ризик од повеќекратни образовни проблеми какви што се нередовното посетување на наставата, образовната исклученост, и целосното напуштање на образованието. Оттука, во време на економска криза, образовните политики би требало да обезбедуваат поголема и понасочена поддршка со особено внимание кон следните групи деца: децата од рурални региони; децата кои живеат во семејства кои се најмногу изложени на ризик, односно семејствата со самохрани родители и повеќечлените семејства со три или повеќе деца; децата од одредени етнички групи (Роми, но исто така и Турци); и децата од семејства кои живеат со приходи кои се под прагот на сиромаштијата.

„Се соочуваме со многу проблеми. На пример, немаме доволно пари за образованието на децата. Велат се е бесплатно, ама се уште ти требаат многу пари за дополнителните училишни потреби. Учебниците што ги даваат бесплатно не се со добар квалитет. Нашата невработеност ги погодува нашите деца. Порано им дававме по 50 денари на секое од децата. Сега сите три деца треба да ги делат тие 50 денари.“

„На децата им е потешко затоа што нивните потреби се поголеми од нашите. Во наше време тие потреби не беа толку големи. На училиште, на пример, учителите читаа и ние фаќавме белешки. Сега имаат многу книги и тоа чини многу пари.“

*Изјави од дискусиите на фокус групите со родители кои неодамна ја загубиле работата и со родители кои добиваат детски додаток:*

## Здравје и исхрана

Земјата е на пат да ги постигне Милениумските развојни цели во областа на здравјето (Национален извештај за напредокот кон МРЦ, 2009). Стапката на смртноста кај децата под петгодишна возраст падна од 33,3 на 1.000 живородени на 10,9 во 2008 година (Државен завод за статистика, 2009). Сличен тренд може да се забележи и кај стапката на смртност кај бебињата, која што се намали од 31,6 на 1.000 живородени во 1990 на 9,7 во 2008 година (2008, државен завод за статистика) во споредба со просекот на Европската унија од 6 на 1.000 живородени (Светска здрвствена организација, 2007) и просекот на Европскиот регион од 7,62 на 1.000 живородени (Светска здравствена организација, 2007). Згора на тоа, можат да се забележат значителни варијации во стапките на смртност кај децата под пет години според етничката припадност, социо-економските услови и местото на престој.

Во текот на изминатите 10 години се одржува релативно висока покриеност со вакцинирање од меѓу 90 и 95%. Ова се потврдува со се ретките појавување на болести кои можат да се спречат со вакцинација. Позитивната поврзаност меѓу покриеноста со имунизирање и појавата на мали сипаници исто така укажува дека земјата ќе може да ја постигне втората цел од МРЦ4 до 2015 година, имено елиминацијата на малите сипаници. Меѓутоа, мал број деца се уште не се вакцинираат и теренската работа би требало да се интензивира за да се утврдат невакцинираните и нерегистрираните деца. Втората категорија е важна затоа што регистрирањето на раѓањата претставува проблем во одредени области, особено во рамки на ромската заедница (Национален извештај за напредокот кон МРЦ, 2009).

Македонија не е земја која што има сериозен проблем со неисхранетоста меѓу децата. Меѓутоа, 2% од децата под петгодиша возраст се малку под потребната тежина а 0,5% се сериозно слаби. Децата чиишто мајки немаат образование се изложени на повисок ризик од неисхранетост. Меѓу ромските деца, овој ризик е

Графикон 15: Причини за исклученост од здравственото осигурување и здравствената заштита меѓу децата и младите луѓе




*О.О. - одбиле да одговорат

два пати поголем (Национален извештај за напредокот кон МРЦ, 2009).

Децата и младите луѓе треба да имаат непречен пристап до здравствена заштита преку здравственото осигурување на нивните родители. Дури и во случаите кога родителите не се вработени, државата обезбедува бесплатни здравствени картони за одредени категории како на пример, невработените, пензионерите и корисниците на социјална помош. Пристапот до бесплатна примарна здравствена заштита би требало да биде универзален. Нашата студија покажува дека 92,3% од домаќинствата со деца се покриени со здравственото осигурување. Сепак, 7,7% претставува значителен процент домаќинства со деца и млади непокриен со државното здравствено осигурување. Од овие домаќинства, 1,8% имаат само делумно осигурување, односно, не сите нивни деца се покриени поради недостаток од изводи од книгите на родените или други документи на регистрација. Анализата на причините дадени од членовите на домаќинствата за исклученоста на деца и млади луѓе од здравственото осигурување сугерира деак тие се исклучени првенствено поради тоа што нивните родители се невработени или поради тоа што тие не биле регистрирани во релевантните институции кои обезбедуваат пристап до осигурувањето, како на пример Агенцијата за вработување и Центарот за социјална работа.

Повеќето од оние што се исклучени од системот на осигурување се на возраст

Графикон 16: Невакцинирани деца на возраст од 0 до 6 години за време на економската криза, според етничка припадност



Графикон 17: Невакцинирани деца на возраст од 0 до 6 години за време на економската криза, според локација




од 0 до 6 години и се главно лоцирани во руралните области на Полошкиот регион. Повеќето се од ромско и турско етничко потекло. А исто така повеќето живеат во семејства со еден родител, иако значителен дел живеат во домаќинства на невенчани парови. Родителите на овие деца или немаат никакво образование или само основно образование а повеќето се или пензионери или самовработени.

Загрижува тоа што не се покриени дури и некои од оние категории кои би требало да бидат заштитени со системот за здравствено осигурување (како невработените). Фактот дека мнозинството од оние што не се покриени исто така не се регистрирани како невработени во Агенцијата за вработување укажува или на постоење на институционални пропусти во системот на социјална заштита или непознавање на системот од страна на потенцијалните корисници. Следната најзначајна изнесена причина за исклученост од здравственото осигурување била недостатокот од потребната документација што повторно укажува дека на потенцијалните корисници, особено оние без образование или со пониско образование и оние што живеат на оддалечени локации, треба да им се обезбеди понатамошна поддршка во остварувањето на нивните права на здравствено осигурување. Ова може да се постигне преку усвојување на еден проактивен пристап поприлагоден на корисниците, вклучувајќи и директна поддршка во пополнувањето на апликациите и собирањето на потребната документација.

Можното влијание на економската криза врз здравјето на децата и младите луѓе беше анализирано со прегеледување на редовноста на здравствените прегледи и вакцинациите на децата во текот на дванаесетмесечниот период. Прегледот покажа дека 90,1% од децата имале редовни здравствени прегледи, додека 9,3% немале пристап до такви редовни здравствени прегледи. Во истиот период, 2,1% од децата на возраст од 0 до 6 години не биле редовно вакцинирани. Од оние родители чиишто деца немале редовни здравствени прегледи, 26% како причина за тоа го навеле немањето на финансиски средства за здравствени прегледи на нивните деца, додека пак дополнителни 19,5% изјавиле дека немале приистап до други ресурси како што е транспортот или картончињата за здравствено осигурување.

Мнозинството од оние кои немале редовни здравствени прегледи се на возраст од 7 до 14 години и доаѓаат од Источниот регион. Повеќето живеат во домаќинства со самохран родител и со четири или повеќе деца и се главно со турско етничко потекло.

Анализата на профилот на невакцинирани деца во периодот на економската криза покажува дека овие деца живеат главно во рурални домаќинства со албанско етничко потекло. Повеќето од родителите на овие деца имаат нецелосно основно образование или само основно образование. Овие наоди се согласуваат со податоците на МИКИ, според кои: ниската покриеност со вакцинација се сврзува во голема мера со пониските нивоа на образование меѓу мајките; стапките на покриеност за ромските и албанските деца се пониски од стапките

Графикон 18: Недоволната исхранетост меѓу децата во анализираниот период, според региони и возрасни групи




на покриеност кај македонските деца; и повообичаено е да бидат вакцинирани градските деца отколку селските.

Резултатите од ова истражување за здравствениот статус и исхранетоста на децата и младите луѓе покажува дека економската криза немала влијание врз повеќето деца во смисла на нередовен пристап до здравствени прегледи, вакцинација и редовно обезбедување на храна. Само мал дел од децата биле изложени на тешкотии сврзани со нивното здравје и исхрана во текот на овој дванаесетмесечен период. Профилот на овие деца и млади луѓе извлечен од резултатите на оваа студија го потврдува профилот индициран во официјалните податоци и во други истражувања, односно, дека децата изложени на најголем ризик живеат во рурални и оддалечени локации и во домаќинства со родители чиј социо-економски статус е низок.

„Немањето пари создава напнатост во семејството. Моите деца одат на училиште без појадок, само со шолја какао затоа што немаме средства.“

“Пет деца, болен маж, и сите ние во една соба позајмена од роднина. Немаме ниту најосновни услови за живеење и домување а децата никогаш немаат доволно храна.

*Извадоци од разговорите во фокус групите со родители од повеќечлени семејства кои неодамна ја изгубиле работата*

## Домување

Анализата во овој дел се одвива во две насоки. Има за цел да ги опише условите за домување на децата во земјата а исто така и да процени до која мера економската криза придонела кон намалување на трошењето на домаќинствата за удобности во домувањето и за потребите на децата.

Лошото домување за време на детството може да има крајно негативно влијание врз многу области на детскиот живот и изгледи, вклучувајќи го здравјето, образованието и идните економски можности. Живееењето во несоодветни услови или во дом со премногу станари може да резултира со слабо здравје кај децата и младите, особено во смисла на респираторни проблеми какви што се инфекциите на белите дробови, проблемите со дишењето, астмата и бронхитисот. Истражувањето преземено од Солари и Маре (2007) укажува дека пренатрупаните услови за живеење влијаат како врз физичката, така и врз психолошката балгосостојба на децата. Згора на тоа, поверојатно е дека децата кои живеат во лоши услови ќе покажуваат послаби резултати на училиште и дека целосно ќе го напуштат формалното образование. Гу и Морен (2005) покажале дека веројатноста децата да паднат година во основно или средно училиште значително

се зголемува доколку бројот на лицата што престојуваат во една соба во домот на детето е поголем. (Исто така види Evans, Saegert, & Harris 2001).

Во моментов не постои релевантна статистика на ниво на државата, ниту се достапни истражувачки резултати во врска условите за домување кај децата и младите луѓе во земјата. Меѓутоа, општо познато е дека постојат голем број на неформални/нелегални населби низ целата земја а во повеќето од нив живеат најранливите етнички групи. Исто така постојат и голем број на супстандардни куќи без регулирани сопственички права или станарски права кои немаат соодветен пристап до водоводната и канализациската мрежа и до комуналните услуги. Според Центарот за регионални истражувања и соработка (2004), 12 % од живеалиштата во земјата се со супстандарден квалитет а бројот на семејствата кои живеат во супстандрадни услови е многу повисок. Анализата на состојбата на УНИЦЕФ (2008) укажува дека 95% од 47.408 лица од ромско потекло живеат во неформални населби кои се наоѓаат на перифериите на македонските градови, и од ова може да се заклучи дека ромските деца се најпогодени од проблемот со супстандардно домување.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека 32,2% од анкетираните живеат во куќи или станови со само една или две соби. Повеќето од оние со само една соба (9,6%) живеат во Вардарскиот и Скопскиот регион, а повеќе од половината (56%) се етнички Роми. Од аспект на семејниот статус, повеќето се невенчани парови со деца во домаќинства од три до пет семејни членови. Повеќето деца кои живеат во домаќинства со само една соба се од семејства со три деца, а следната најбројна група се оние кои живеат во семејства со пет деца. Децата што живеат во такви услови се најчесто на возраст од 0 до 6 години. Социо-економскиот профил укажува дека повеќето од родителите во таквите домаќинства или немаат никакво образование или имаат само нецелосно основно образование и тие обично се пензионери, невработени или самовработени. Од аспект на приходите, повеќето од овие домаќинства живеат под прагот на сиромаштијата со приходи помали од 5.500 МКД месечно (89 евра).

Значителен број од анкетираните (38,7%) пријавиле дека нивните деца немаат своја сопствена соба во која што живеат и учат. Ова најчесто важи за децата со ромско потекло (40,4%), иако ситуацијата меѓу другите етнички групи е исто така загрижувачка: 24,3% од децата етнички Албанци и 22,6% од децата етнички Турци немаат своја сопствена соба. Повеќето од овие деца се на возраст од 0 до 6 години. Недоволниот број соби, а особено недостатокот на засебен личен простор, ги попречуваат развојот и способностите за учење кај децата.

Домаќинствата беа дополнително оценувани во врска со тоа дали тие живееле во своите живеалишта самостојно или го делеле својот животен простор со други семејства. Повеќето од анкетираните домаќинства (58,1%) живеат како родители и деца засебно од другите членови на семејството или од други домаќинства. Останатите семејства ги делат своите живеалишта на следниве начини: со нивното пошироко семејство, односно со дедовци и баби (32,7%); со две други домаќинства (6,7%); или со три други домаќинства (1,8%). Повеќето од семејствата кои живеат во живеалишта што ги делат со три или повеќе други семејства се етнички Албанци. Таквите услови за домување, каде што повеќе од едно семејство делат живеалиште, делумно ги одразуваат традиционалните/патријархални типови на семејни односи во земјата, а делумно се резултат на социо-економските тешкотии на кои се изложени значителен број семејства. Кога станува збор за потребите на децата, делењето на куќите и собите е обично неповолно. Децата кои живеат во такви услови би можеле да се соочуваат со пречки во изразувањето на своите лични проблеми и потреби и би можеле да не развијат самодоверба. Децата во такви околности исто така би можеле да не успеат да развијат соодветна комуникација со своите родители.[5]

[5] Видете на пример: Raynolds, L. “Full House?: How overcrouded housing affects families, Shelter 2005”, or, “Harker, L. “”Chance of a Lifetime – The impact of bad housing on children’s lives” Shelter, 2006

Графикон 19: Услови за домување кај децата и младите луѓе




Покрај проценувањето на условите за домување, студијата исто така имаше за цел да ги процени економските ограничувања на кои биле изложени домаќинствата во врска со трошењето на потребите за домување на нивните деца и на производи сврзани со домот во текот на дванаесетмесечниот период. Според резултатите на истражувањето, 35,8% од домаќинствата не морале да го намалат своето трошење во последните дванаесет месеци. Останатото мнозинство домаќинства било присилено да исфрли барем една ставка од нивните потреби на домаќинството. Повеќето исфрлале неколку ставки меѓу кои спаѓале следните потреби на домаќинството: забава, мебел, сметки за домаќинството, производи за лична хигиена и производи за чистење. Оние кои најмногу го намалиле трошењето се главно од Југоисточниот регион и се главно со ромска етничка припадност, иако и многу од анкетираните Турци исто така спаѓаат во оваа категорија. Од аспект на типот на семејството, домаќинствата кои најмногу го намалиле трошењето се следните: семејствата со три до пет члена; семејствата со четири или повеќе деца; и семејствата со деца на возраст од 0 до 6 години. Вакви намалувања биле најзабележливи кај домаќинствата со барем еден невработен родител.

Економската криза исто така имала негативно влијание врз способноста на домаќинствата да ги задоволат основните потреби на децата и младите. Резултатите од истражувањето укажуваат дека 57,4% од анкетираните направиле такво намалување во трошењето во разгледаниот дванаесетмесечен период. Овие намалувања биле главно сврзани со трошењето на облека и чевли за децата, со парите за забава, џепарлакот, училишниот прибор и вонучилишните активности какви што се курсевите за странски јазици и компјутерските курсеви. Оние што го намалиле трошењето за повеќето или сите горенаведени ставки се главно од руралните области во Југоисточниот регион и се со ромско или турско етничко потекло. Повеќето од овие домаќинства се семејства со пет или повеќе членови. Повеќето такви домаќинства пријавиле месечен приход од помалку од 5.500 МКД (89 евра).

Дискусиите на фокус групата понатаму открија дека економската криза негативно влијаела врз способноста на домаќинствата да ги задоволат потребите на нивните деца за облека, образовен прибор и разни други несуштествени ставки какви што се забавата, мобилните телефони и екскурзиите. Во мал број случаи, главно кај повеќечлените домаќинства, а особено кај ромските домаќинства, економската криза исто така довела и до намалување на трошењето за храна и исхрана на децата.

Резултатите на нашето истражување на условите за домување ги потврдија постоечките податоци и статистики во врска со високиот ризик од сиромаштија во

Графикон 20: Процентот на семејствата кои живеат во засебни или споделувани живеалишта, според етничката припадност




домувањето кај ромските деца. Покрај ова, нашите податоци укажуваат дека една третина од домаќинствата живеат во живеалишта со само една или две соби, што претставува недоволен простор за семејствата со деца. Згора на ова, 38,7% од децата немаат своја сопствена соба, додека 40% живеат во живеалиште со премногу станари, односно, го делат живеалиштето со неколку други семејства. Пренатрупаноста е особено забележлива кај децата од албанско етничко потекло.

Покрај тоа, резултатите укажуваат дека домаќинствата го намалиле првенствено своето трошење за забава, мебел, сметки за домаќинството, производи за лична хигиена и производи за чистење. Видливи намалувања во трошењето на домаќинствата имало и во врска со потребите на децата за облека и чевли, за џепарлак и училишен прибор. Намалувањето на трошењето на домаќинствата за основните потреби во текот на дванаесет месечниот период сугерира дека економската криза ги влошила условите за домување на децата и младите. Овие податоци треба да претставуваат важен сигнал за потребата од зголемени активности на владата чија цел би била подобрувањето на условите за домување на повеќето ранливи домаќинства и нивните деца.

„Не можеме да си дозволиме да платиме за струја и вода. Знам луѓе кои живеат во мрак поради вакви проблеми. Немаме дрва за огрев, не само поради тоа што се скапи, туку и поради тоа што нема од кого да ги купиме. Струјата ни е постојано исклучена затоа што не ги плаќаме сметките - воопшто не не толерираат.“

„Секогаш правиме планови како да заработиме и како да трошиме. Секогаш ги ставаме децата на прво место. Но откако ќе ги платиме сметките, на крајот не останува ништо. Не можеш да правиш стратегии кога немаш приходи.“

*Извадоци од разговорите во фокус групите со повеќечлени семејства*

## Слободно време

Целта на овој дел од студијата е да го анализира влијанието на економската криза врз слободното време на децата и родителите, а особено се стреми да процени дали економските ограничувања довеле до намалување на времето што децата го минуваат со своите родители и до која мера таквите ограничувања ги присилувале децата да вршат разни задачи за да придонесат кон приходите на домаќинството. За разлика од претходните делови, резултатите на нашето истражување

во овој дел не можат да се споредат со официјалната статистика или некои други релевантни истражувања преземени во земјата бидејќи не постојат други такви податоци. Единствени расположливи официјални статистики во овој домен се оние што ги направил Државниот завод за статистика во своето Истражување на користењето на времето од 2004 година. Меѓутоа, кога станува збор за односите меѓу родителите и децата, ова официјално истражување се ограничило на тоа само да ги праша анкетираните колку време минувале во физичка грижа и надгледување на децата и колку време минувале учејќи ги и играјќи си со своите деца. Според овие податоци, просечното време што се минувало дневно во вакви активности било многу поголемо кај жените за разлика од мажите, кај невработените за разлика од вработените, и кај руралните домаќинства за разлика од оние во градовите (Државен завод за статистика, 2005).

Нашата студија исто така ги прашуваше родителите за просечното време што тие дневно го минуваат со нивните деца. Според резултатите, 57,7% од домаќинствата минувале повеќе од шест часа дневно со своите деца. Од оние родители кои минувале помалку од еден час дневно со нивните деца, најголем број биле етнички Македонци од урбани области во Пелагонискиот регион. Повеќето се венчани парови, обично со две деца и во домаќинства со три до пет членови на семејството. Повеќето од родителите кои минуваат помалку време со своите деца имаат дипломи за повисоко образование (две години на образование над средното образование). Ваквиот профил укажува дека оние родители кои минуваат најмалку време со своите деца обично се од домаќинства кои не се сметаат за особено социјално ранливи или директно засегнати од економската криза. Може да се шпекулира дека причините за тоа родителите во овие домаќинства да минуваат споредбено помалку време со нивните деца се сврзани со поголемата преокупираност на двајцата родители со нивната работа, како и со финансиската способност на овие домаќинства да им обезбедат на децата вонучилишни активности какви што се часовите по странски јазици, компјутерските курсеви и спортовите. Заедно со активностите за домашна забава (компјутери, игри, и сл.), ова во голема мера придонесува за намалената интеракција меѓу родителите и децата.

Од сите домаќинства анкетирани во истражувањето, 13% пријавиле дека економската криза довела до намалување на слободното време што родителите го минуваат заедно со децата. Главна причина што се давала за ваквото намалување била дека родителите во овие домаќинства биле изложени на зголемување на нивните работни обврски. Ова објаснување се чини го потврдува фактот дека во овие домаќинства се вработени и двајцата родители, при што таткото обично работи во јавниот сектор или е на некаков начин самовработен, а мајката обично работи во приватниот сектор. Повеќето од родителите имаат средно или повисоко образование. Просечниот месечен приход на секој родител во овие домаќинства изнесува 18.000 МКД (294 евра) месечно.

Со ова беше сврзана и задачата на оваа студија да процени до која мера економската криза довела до намалување на поддршката што родителите им ја даваат на децата во исполнувањето на нивните училишни задачи. Кога биле прашани дали имале време да им помогнат на децата да ги завршат нивните училишни задачи во текот на дванаесетмесечниот период, 60,2% од домаќинствата одговориле потврдно. Меѓутоа, значаен дел од нив, 26,5%, пријавиле дека не биле во можност да им помогнат на своите деца со таквите задачи во текот на овој период. Највообичаена причина што родителите ја наведувале за немањето време да им помогнат на своите деца со домашните задачи била зголемувањето на нивните работни обврски.

Значаен резултат на овој дел од истражувањето беше дека 14,5% од анкетираните изјавиле дека не знаеле зошто не биле во состојба да им помогнат на децата со домашните задачи. Овој резултат веројатно треба да се смета за загрижувачки затоа што би можел да укажува на недостаток на интерес кај овие

родители да им помогнат на децата со училишните задачи.

Во причините што анкетираните ги навеле за непомагање на своите деца во нивната училишна работа спаѓаат и следните: подолгото време потребно за барање и аплицирање за работа; зголемените обврски надвор од семејството; делегирањето на одговорноста за таквата помош на другиот родител; како и варијации и комбинации на сите овие причини.

Децата кои биле најпогодени од таквото непомагање, без оглед на причините дадени за тоа, се главно на возраст од 15 до18 години и потекнуваат од семејства со самохрани родители во домаќинства со две деца. Ова сугерира дека самохраните родители би можеле да страдаат од недостаток на време и енергија во потполност да ги поткрепат потребите на нивните деца. Фактот дека недостатокот од родителска поддршка во училишната работа се однесува првенствено на постарите деца сугерира дека некои родители можеби не обезбедуваат позначителна образовна поддршка откако нивните деца ќе го завршат основното образование или откако ќе станат поне-зависни. Ова потенцијално би можело да биде опасно за одредени категории на деца, особено ако се земе во предвид дека на оние што преминуваат од едно ниво на образование во друго (на пример, од основно во средно училиште) би можело да им биде потребна и повеќе помош, а не помалку.

Исто така беше разгледувано и заедничкото слободно време што родителите и децата го минуваат во рекреативни и културни активности. Резултатите укажуваат дека мнозинството родители (57,3%) минувале квалитетно време со своите деца во барем два наврати неделно во текот на дванаесетмесечниот период, вклучувајќи тука посети на паркови, концерти, драми и посети на роднини. Меѓутоа, 35,4% од родителите изјавиле дека немале време за такви активности со децата. Мнозинството од овие родители (63,4%) го навеле немањето на финансиски средства како нивна главна причина за да не го минуваат слободното време со своите деца во рекреативни и културни активности. Ваквите наведени намалувања на времето и финансиите што им биле на располагање на родителите во текот на дванаесетмесечниот период можат да се поврзат со влијанието на економската криза.

Графикон 21: Намалувања во трошењето на домаќинството, според засебни ставки



Графикон 22: Намалувања во трошењето на домаќинствата за потребите на децата и младите луѓе




Економската криза негативно влијаела врз способноста на домаќинствата да им обезбедат на децата повеќе различни активности и можности. Летните одмори спаѓаат меѓу активностите кои децата најмногу ги ценат и така беа вклучени во проценката на студијата за тоа како економската криза влијалеа врз слободното време на децата. Резултатите на нашето истражување укажуваат дека големо мнозинство деца и млади луѓе (76,2%) не биле на летен одмор оваа година. И додека ова ги потврдува нашите претпоставки во врска со општиот животен стандард на домаќинствата низ целата земја, резултатите на истражувањето исто така покажуваат дека економската криза имала влијание врз способноста на домаќинствата да им обезбедат летни одмори на децата. Така, 4,5% од домаќинствата изјавиле дека биле во можност да им обезбедат на децата летен одмор претходната година, но не биле во можност да го сторат тоа во разгледаниот дванаесетмесечен период. Во сегашниот социо-економски контекст, летните одмори стануваат луксуз за повеќето семејства.

Конечно, оваа студија имаше за цел да утврди дали економската криза придонела за пораст на детскиот труд во земјата. Кога ги прашале за економските активности на нивните деца во претходните дванаесет месеци, повеќето домаќинства одговориле дека нивните деца не биле вклучени во такви активности. Меѓутоа, значителен број домаќинства (37,5%) пријавиле дека нивните деца навистина почнале да се занимаваат со некоја таква активност од почетокот на овој период, додека пак 8,2% рекле дека нивните деца веќе биле економски ангажирани и пред разгледуваниот период. Овој пораст од 29,3% од 2007 до 2008 година може несомнено да се поврзе со економската криза.

Повеќето од оние што биле присилени да почнат да работат во овој период се млади луѓе на возраст од 19 до 25 години, а веднаш по нив следуваат деца на возраст  од 15 до 19 години. Мнозинството се од албанско етничко потекло и живеат во урбани области во Југозападниот регион во домаќинства со пет или повеќе членови. Општо земено, вклучувањето на децата во економски активности не е штетно се додека таквите активности не го засегаат нивното образование и не влијаат негативно врз нивниот физички, когнитивен, или психолошки развој. Меѓутоа, вознемирувачки е што нашата студија утврди дека 4,2 %од анкетираните домаќинства вклучувале и деца на возраст меѓу 0 и 6 години кои биле ангажирани во детски труд во 2009 година. Овие резултати укажуваат

дека економската криза и со неа сврзаното намалување на семејните приходи не само што придонеле за зголемување на бројот на деца и млади кои преземале економски активности, туку исто така присилиле и некои многу мали деца да работат. Работењето на толку рана возраст може да биде особено штетно за децата во социјално ранливите семејства, зголемувајќи го ризикот нивниот успех во училиштето да опадне, доведувајќи на крајот и до целосно напуштање на образованието. Повеќето од децата ангажирани да работат на толку рана возраст се од семејства во кои таткото е обично вработен во приватниот сектор или самовработен, додека мајката е невработена. Просечните месечни приходи на домаќинствата на кои што им припаѓаат овие деца се од 5.000 до 8.000 МКД месечно (81 и 130 евра).

Анализата на дискусиите на фокус групата исто така сугерира дека економската криза го зачестила појавувањето на детски труд во земјата, особено кај земјоделските домаќинства. Претставниците на повеќечлените домаќинства во овие дискусии изјавуваа дека, иако нивните деца не биле ангажирани во економски активности, потребите на нивните домаќинства би можеле на крајот на краиштата да доведат до тоа таква дополнителна работа да биде извршувана од децата.

Резултатите на истражувањето што се однесуваа на односот меѓу економската криза и количеството и квалитетот на слободното време што родителите го минуваат со нивните деца сугерираат дека само мал дел од децата биле погодени од намалено време поминато со нивните родители и дека ова намалување главно се должело на економските ограничувања наметнати врз нивните родители и зголемените работни обврски на нивните родители надвор од домаќинството. Меѓутоа, овој дел од студијата исто така сигнализираше некои закани што произлегуваат од економската криза во смисла на недостиг од родителско време. Ова може да се согледа во следните наоди: намалувањето на просечниот број на часови што родителите ги минуваат со нивните деца; недостигот од поддршка што родителите им ја даваат на децата во завршувањето на училишните задачи; и недостатокот од заеднички посети на културни и други настани надвор од домаќинството. Покрај прашањето на проретчената взаемна интеракција меѓу децата и родителите кај одредени домаќинства, во дополнителни закани што произлегуваат од економската криза спаѓаат и откажувањето од летни одмори кај повеќето домаќинства, како и започнувањето со работа кај некои деца за да ги надополнат приходите на своите домаќинства. Овие закани претставуваат ризици за севкупната благосостојба на децата, вклучувајќи ги и ризиците од

Графикон 23: Просечното време што родителите го минуваат дневно со своите деца, според етничка припадност



Графикон 24: Главни причини за родителите да го намалат слободното време што го минуваат со децата




отуѓување на децата и родителите, лошо поведение на училиште, општествена исклученост и детски труд. И родителите и компетентните државни институции би требало да ги земат во предвид овие ризици за да се спречи појавата на понатамошно негативно семејно или општествено деструктивно однесување.

„Младите немаат работа затоа што економската криза не се случува само во Македонија, туку насекаде низ светот. Па така нема работа ниту за родителите, а уште помалку за децата.“

„Моите ќерки работат во своето слободно време затоа што парите не ни стасуваат.“

„Моите деца се уште многу мали, ама да беа постари ќе ги терав да работат.“

*Од разговорите во фокус групите составени од семејства кои се занимаваат со земјоделство.*

Графикон 25: Летни одмори на децата и младите луѓе







# ТРЕТ ДЕЛ: КЛУЧНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

Оваа студија си постави за цел да ги утврди и објасни во општи црти начините на кои главните социо-економски последици од глобалната економска криза влијаеле врз домаќинствата во земјата и, пред се, да го процени влијанието на кризата врз благосостојбата на децата и младите луѓе во земјата.

Нашата анализа на податоците и информациите собрани во оваа студија покажа дека е тешко да се издвојат ефектите на неодамнешната економска криза од претходно постоечките социо-економски услови и процеси во земјата, како на ниво на општеството, така и на ниво на одредени типови на домаќинства. Со оглед на вакавата тешкотија, главните наоди на студијата се засноваат врз промените пријавени од страна на домаќинствата во периодот од средината на 2008 до средината на 2009 година, истовремено земајќи го во предвид претходниот социо-економски статус на овие домаќинства, како важни фактори кои ја одредуваат нивната способност да ги ублажат ефектите на кризата.

## Влијанието на економската криза врз животниот стандард

### Домаќинствата во тешки економски времиња

Економската криза доведе до намалување на приходите на приближно една третина (38,3%) од домаќинствата во земјата. Регионите кои биле најпогодени од ова опаѓање во периодот од средината на 2008 до средината на 2009 година се Југоисточниот и Полошкиот регион. Намалувањето на приходите преовладувало најмногу кај следните типови на домаќинства: семејства со самохрани мајки; семејства на невенчани парови со деца; семејства со пет или повеќе членови; и семејства со четири или повеќе деца. Од аспект на работниот статус, ова опаѓање преовладувало кај самовработените и невработените луѓе, додека од аспект на приходите на домаќинството, овој проблем бил најизразен кај семејствата во кои таткото заработува месечни приходи под 5.500 МКД (89 евра) а мајката не добива никакви приходи. Така

може да се согледа дека намалувањата на приходите предизвикани од економската криза послужиле за да се влошат економските услови на оние домаќинства кои и онака веќе биле финансиски ограничени поради ниските и нередовни приходи.

За време на периодот на економската криза, членовите на 17,5% од анкетираните домаќинства ја загубиле работата, што понатамошно ја зголеми и онака високата стапка на невработеност во земјата. Повеќето од загубените работни места (58,2%) се случиле кај домаќинства што живеат во урбани области, претежно во следните три региони: Источниот регион (20,9%); Скопскиот регион (17,0%); и Полошкиот регион (14,3%). Од аспект на етничката припадност, најмногу загубени работни места се забележани кај Македонците (35,7%), додека најпогодени типови на домаќинства од ваквите загуби на работни места биле следните: семејствата со самохрани родители; семејствата со еден до три членови; семејствата со само едно дете; семејствата со млади луѓе на возраст од 19 до 25 години; и семејствата со деца на возраст меѓу 0 и 6 години.

Речиси деведесет проценти од анкетираните домаќинства изјавиле дека се соочиле со зголемување на нивните семејни трошоци во текот на изминатите 12 месеци. Овие зголемувања можат да се забележат кај сите домаќинства, без некои значајни варијации според лоакцијата, регионот, етничката припадност или типот на семејството. Покрај ова, 79,7% од домаќинствата изјавиле дека се соочиле со поголеми проблеми во плаќањето на нивните месечни сметки за електрична енергија, вода и храна, и сл., отколку што тоа било случај во претходната година.

Може да се забележи финансиска исклученост кај повеќето домаќинства во земјата. 65,7% од сите испитаници немаат банковна сметка, додека 90,1% изјавиле дека немаат никакви финансиски заштеди. Немањето на банковна сметка ја намалува способноста на домаќинствата да акумулираат заштеди, ги спречува да преземаат банковни трансакции и ги исклучува од можностите да подигнат кредит или осигурување. Згора на ова, немањето на заштеди значително ги ограничува можностите што им се на располагање на домаќинствата за ублажување на ефектите на економската криза.

## Децата во тешки економски времиња

Ризикот од сиромаштија кај децата се зголемува за време на економска криза со намалувањето на приходите на домаќинствата и при губење на работата меѓу родителите. Оваа студија укажува дека речиси половина од домаќинствата - 48,1%, живеат под прагот на сиромаштијата од аспект на нивните месечни приходи. Со исклучок на оние домаќинства со деца на возраст која што е „комбинација од сите возрасти“, повеќето од децата кои живеат во сиромашни домаќинства се на возраст од 0 до 6 години. Исто така загрижува сознанието дека помалку од 21,7% од сите анкетирани домаќинства живеат без никакви приходи и во крајна сиромаштија. Повторно, возрасната група која што е најмногу погодена од ваквата сиромаштија се децата на возраст од 0 до 6 години.

Еден од разните начини на кои намалувањата на приходите на домаќинството имале негативно влијание врз децата и младите луѓе се ограничувањата што овие намалувања ги наметнале врз нивниот редовен пристап до производи и услуги какви што се книгите, училишниот прибор, играчките, компјутерите и сл. Овие ограничувања ги попречуваат спобностите за учење кај децата, а исто така и нивниот севкупен интелектуален развој.

## Образование

Нашата студија откри дека тековната економска криза немала некое посериозно влијание врз редовното посетување на наставата кај децата. Меѓутоа, 8,8% од децата младите луѓе имале проблеми со пристапот до образование во 2009 година, при што 4,2% не посетувале редовно настава, а 4,5% воопшто не посетувале настава. Резултатите на студијата во врска со образовната исклученост кај одредени возрасни групи соодветствуваат со официјалните статистики за стапките на напуштање на

образованието. Овој проблем бил најзабележлив кај младите луѓе на возраст од 19 до 25 години, кај оние што живеат во рурални области, кај оние што живат во семејства со самохран родител или во повеќечлени семејства, и кај оние од ромско етничко потекло. Резултатите на студијата исто така потврдуваат дека овие деца и млади луѓе обично доаѓаат од домаќинства каде што родителите имаат нецелосно или ниско ниво на образование и се или невработени или со приватно вработување.

Со оглед на влијанието на кризата врз образовниот успех, еден од наодите на студијата е дека просечните училишни оценки општо земено не биле погодени во текот на разгледуваните дванаесет месеци. Меѓутоа, 7,5% од децата покажале понисок образовен успех за време на овој период. Оние што биле најпогодени со овој проблем биле децата од Источниот и Пелагонискиот регион, децата кои живеат во урбани области, децата од албанско етничко потекло, и децата од следните типови на домаќинства: други невенчани парови со деца; домаќинства со три до пет члена; и домаќинства со три деца.

Повеќе од половината од истражените и анкетирани домаќинства (56,4%) во оваа студија изјавиле дека не биле способни целосно да ги задоволат училишните потреби на своите деца за учебната 2008/2009 година. Ова првенствено се однесувало на потребите на децата и младите луѓе сврзани со училишниот прибор, но исто така и со трошоците за патување и други ставки. Овој наод е важен индикатор дека економската криза довела до намалување на нивото на подготвеноста на децата за училиште.

Конечно, еден од наодите на оваа студија е и дека само малку помалку од половината консултирани домаќинства очекувале да се соочат со тешкотии во обезбедувањето на непрекинат пристап до образование на своите деца, односно, продолжување на следното образовно ниво. Повеќето од потенцијалните напуштања на образованието се поклопуваат со профилот на домаќинствата каде што децата нередовно посетуваат настава или воопшто не ја посетуваат.

## Детското здравје и исхрана

Во земјата не постои универзален пристап до примарната здравствена заштита. Наодите на оваа студија покажуваат дека 7,7,% од домаќинствата со деца немаат здравствено осигурување. Понатаму беше откриено дека повеќето деца и млади луѓе исклучени од здравственото осигурување им припаѓаат на домаќинствата од следните категории: оние лоцирани во Полошкиот регион; во руралните области; оние со ромска и турска етничка припадност; семејствата со самохрани родители; семејства на невенчани парови со деца; семејства каде што родителите или немаат образование или имаат само основно обра-



зование; и оние кои имаат родители кои според работниот статус се пензионери или самовработени. Мнозинството од децата исклучени од системот на здравственото осигурување се на возраст од 0 до 6 години.

Мнозинството деца и млади луѓе (90,1%) имале редовни здравствени прегледи во проучуваниот период. Меѓутоа, значителен број, 9,3%, немале пристап до редовни здравствени прегледи. Проблемот првенствено ги погодувал децата на возраст од 7 до 14 одини и бил присутен претежно во Источниот регион. Повеќето од децата кои немале редовни здравствени прегледи доаѓаат од домаќинства со четири или повеќе деца и се главно со турско етничко потекло. Повеќето се од семејства со самохрани родители.

Студијата исто така откри дека 2,1% од децата на возраст од 0 до 6 години не биле редовно вакцинирани во разгледуваниот дванаесетмесечен период.

Нашата анализа на причините зошто домаќинствата не биле во состојба да обезбедат здравствено осигурување, редовни здравствени прегледи и/или вакцинирање на нивните деца сугерира дека главна причина за овој проблем е што родителите немале финансиски средства или средства за транспорт неопходни за остварување на овие барања.

Со недоволна исхранетост биле погодени 7,8% од децата и младите луѓе во овој дванаесетмесечен период. Од овие деца, 5,3 % биле лишени од редовна исхрана, додека 2,5% имале само суви оброци во текот на денот. Овие деца доаѓаат главно од Вардарскиот и Источниот регион. Повеќето од децата за кои се пријавило дека им биле обезбедувани само суви оброци се оние што живеат во рурални области, додека повеќето од децата што немале редовни оброци се од урбани области. Најголем број од овие деца се со ромско етничко потекло. Од оние кои добивале само суви оброци, повеќето се од семејства со самохрани родители, додека оние на кои не им биле обезбедувани редовни оброци се претежно од семејства на невенчани парови.

## Домување

Една третина (32,2%) од консултираните домаќинства во оваа студија живеат во живеалишта со само една или две соби. 9,6% од овие домаќинства имаат само една соба, и повеќето од нив живеат во Вардараскиот и Скопскиот регион, а повеќе од половината (56%) се со ромско етничко поеткло. Од аспект на нивниот семеен статус, повеќето се домаќинства на невенчани парови со деца и со три до пет членови на семејството. Просечниот број на деца кои живеат во живеалишта со само една соба е три, а веднаш зад овој број е категоријата од три до пет деца. Вообичаената возраст на децата кои живеат во вакви услови е меѓу 0 и 6 години. Родителите во домаќинствата кои живеат во такви ограничени живеалишта се обично невработени, самовработени, или пензионери, и повеќето од нив немаат образование или имаат само нецелосно основно образование. Ова се главно домаќинства кои живеат под линијата на сиромаштијата со приходи помали од 5.500 МКД месечно (89 евра).

Повеќе од една третина од децата и младите луѓе (37,7%) во оваа земја немаат своја сопствена соба. Повеќето од нив се со ромско етничко потекло (40,4%), иако ситуацијата кај другите етнички групи е исто така загрижувачка: 34,3% од албанските деца и 22,6% од турските деца немаат свои сопствени соби. Повеќето од овие деца са на возраст од 0 до 6 години. Недостатокот од доволен број соби во живелиштата на домаќинствата, а особено недостатокот на засебен личен простор за децата може да го попречи нивниот развој и нивните способности за учење. Повеќе од 40% од децата и младите луѓе во земјата живеат во пренаселени живеалишта, односно, го делат живеалиштето со неколку други семејства. Една третина од домаќинствата живеат во куќи со една или два соби, што укажува дека нема соодветен и доволен простор за домување за децата (како и за сите други членови на семејството).

Во разгледуваниот дванаесетмесечен период, економските ограничувања ги принудиле мнозинството домаќинства да остранат барем една ставка од нивното трошење на потребите за домување. По-

веќето семејства намалиле и по неколку ставки од следните кеатегории: забава, мебел, сметки за домаќинството, производи за лична хигиена и производи за чистење. Оние домаќинства кои морале да намалат најмногу во трошењето живеат во Југоисточниот регион на земјата. Повеќето се со ромско етничко потекло, иако и етничките Турци сочинуваат значителен дел. Повеќето се семејства со три до пет члена и семејства со четири или повеќе деца. Највообичаена возраст кај децата во таквите домаќинства е од 0 до 6 години. Намалувањата во трошењето на производи за домаќинството биле најзабележливи кај домаќинствата со барем еден невработен родител.

Студијата покажува дека 57% од домаќинствата го намалиле трошењето за потребите на нивните деца во овој период. Повеќето од овие домаќинства извршиле намалувања во трошењето за една или повеќе од следните ставки: облека и чевли за нивните деца, пари за забава и џепарлак, училишен прибор, и вонучилишни активности какви што се часовите по странски јазици и компјутерските курсеви. Оние домаќинства кои морале да го намалат трошењето за повеќето од овие ставки се претежно од Југоисточниот регион и мнозинството живеат во рурални области. Повеќето се со ромско и турско етничко потекло и се семејства со пет или повеќе членови. Вообичаените месечни приходи на таквите домаќинства се под 5.500 МКД (89 евра).

## Слободно време

Тринаесет проценти од анкетираните домаќинства навеле дека економската криза довела до намалување на количеството на време што родителите го минуваат со децата. Главна причина што ја давале родителите за ваквото намалување биле зголемените работни обврски во дванаесетте месеци од средината на 2008 до средината на 2009 година.

И иако мнозинството родители изјавиле дека биле во состојба да им помогнат на децата со домашните задачи во овој период, 26,5% изјавиле дека не биле во состојба да го сторат тоа.

Исто така беше оценувано и слободното време што родителите го минувале со децата во рекреативни и културни активности. Значителен дел од родителите (35,4%) изјавиле дека немале такви активности со своите деца. Повеќето од овие родители (63,4%) му го припишале овој проблем на недостатокот на финансиски средства.

Седумдесет и шест отсто од децата и младите луѓе не биле на летен одмор во 2008/09 година. Самиот овој број е доволен индикатор за животниот стандард на повеќето домаќинства во земјата. Во сегашните социо-економски услови, летниот одмор претствува луксуз за повеќето семејства. Во врска со специфичното влијание не економската криза врз способноста на семејствата да си дозволат летен одмор во овој период, наодот на нашата студија утврди дека 4,5% од децата кои биле на летен одмор во 2008 немале одмор во 2009 година.

Значителен дел на децата и младите луѓе (37,5%) учествувале во некаков облик на економска активност во разгледуваниот дванаесет месечен период. Пред овој период, само 8,2% од нив биле ангажирани со такви активности. Ова зголемување од 29,3% несомнено може да се поврзе со тековната економска криза. Нашата студија понатаму открива дека 4,2% од анкетираните домаќинства ги ангажирале своите деца на возраст од 0 до 6 години во економски активности во 2009 година. Повеќето од овие деца се од Југозападниот регион и повеќето живеат во урбани области. Повеќето се со албанско етничко потекло и доаѓаат од семејства со пет или повеќе членови.

Намалувањето на квалитетното време што родителите и децата го минуваат заедно, или децата го минуваат во неекономски активности, што се јавува како последица на тешки економски периоди, претставува ризик за севкупната благосостојба на децата предизвикувајќи: можно отуѓување на децата и родителите, на пример, или проблеми во училишното поведение, општествена исклученост и детски труд. Родителите и државните иснтитуции треба да бидат претпазливи во врска со овие ризици за да спречат развивање на негативно семејно или општествено деструктивно однесување.

## ПРЕПОРАКИ

Врз основа на наодите на оваа студија, овој дел препорачува извесен број на политики и мерки за ублажување на влијанието на тековната економска криза, и влијанието на тешките економски времиња воопшто врз благосостојбата на децата и младите луѓе. Овие мерки претежно спаѓаат во компетенециите на владата и државните институции. Меѓутоа, тие се исто така релевантни и за други важни фактори какви што се невладините организации, потоа приватните фирми, како на пример банките и осигурителните компании, и меѓународните организации. Овие препораки се главно фокусирани на домаќинствата и децата и се насочени кон подобрување на детската благосостојба во времиња на економска криза.

- Би требало да се обмисли една политика чиј приоритет се децата и да се имплеменетира во времиња на економска криза. Тука би спаѓало усвојувањето на една експанзивна фискална политика која што би вклучувала инвестиции за генерирање на вработувања, за подобрување на основните услуги и за обезбедување на поттици за зголемување на трошењето за домување, стоки и услуги. Стимулусите на фискалните и монетарните политики чија цел би била заштитата на вработувањата и економската активност би требало да имаат важни позитивни влијанија врз растот. Пред да бидат усвоени, сите политики би требало да се анализираат за да го земат во предвид и максимализираат нивното позитивно влијание врз децата.

- Секој пакет мерки што би бил усвоен од владите за време на економска криза би требало да вклучува мерки директно насочени кон домаќинствата што се најсериозно погодени од кризата. Најпогодени од губење на работните места и намалување на приходите во периодот од средината на 2008 до средината на 2009 година беа домаќинствата со пет или повеќе членови, семејствата со самохрани родители, и домаќинствата со просечен месечен приход под 5.500 МКД. Овие домаќинства би имале корист од една индиректна владина поддршка преку привремени субвенции за нивните трошоци за домување и за сметките за домаќинство.

- Официјалната статистика за домаќинствата би требало да се подобри за да се обезбедат порелевантни и осовременети податоци за здравјето, домувањето и слободното време. Да се имааат на располагање точни и прецизни податоци значи да се може да се следи влијанието на понатамошното влошување на економските услови врз благосостојбата на децата.

- Потребна е поддршка од владата за да се спречи високото ниво на финансиска исклученост кај домаќинствата во земјата. Таквата поддршка би се состоела од програми за информирање и образување; мерки за олеснување на пристапот до банковни сметки; поедноставени меки заеми и директно советување лице-в-лице; како и зајакнати услуги за советување и насоки за должниците.

- Времетраењето и износот на социјалната помош, вклучувајќи го и детскиот додаток, треба да се зголемат. Ова би требало да придонесе кон покривањето на зголемените трошоци на домаќинството и да им помогне на невработените активно да бараат работа.

- Би требало да се обезбеди директна финансиска поддршка за борба против детската сиромаштија во времиња на економска криза за домаќинствата кои живеат во крајна сиромаштија и домаќинствата кои живеат под линијата на сиромаштијата, односно, оние без никакви приходи и оние со месечен приход под 5.500 МКД. Овие семејства исто така би требало да добијат подобар пристап до бесплатната здравствена заштита и лекови, како и дирекна помош во храна и облека.

- Би требало да се преземат повеќе активни мерки за да се генерираат вработувања за младите во времиња на економска криза преку инвестирање во планови за вработување на младите и поддршка за младинското волонтерство, стажирање и програмите за младинско претприемаштво.

- Би требало да се обезбеди дополнителен бесплатен училишен прибор за да се намалат трошоците на домаќинствата сврзани со образованието. Би требало да се обезбеди организиран транспорт за да се помогне да се обезбеди пристап на децата до образование, особено за оние кои живеат на оддалечени места.

- Треба да се усвојат планови за кревање на свеста за да им се помогне на социјално ранливите домаќинства да ги остварат своите права на социјална заштита, на пример, нивното право на бесплатно здравствено осигурување доколку се регистрираат во Центарот за вработување.

- Во училиштата би требало да се обезбеди храна и бесплатни оброци, а би требало и да се отворат повеќе „јавни кујни" за да се намали ризикот од недоволна исхранетост кај најранливите деца во општеството, особено оние од домаќинствата со ромско етничко потекло кои зависат од социјална помош и немаат други семејни приходи.

- Би требало да се отворат специјализирани „ продавници за сиромашни" каде што семејствата со ниски приходи би можеле да купуваат основни производи како храна и облека по пониски (субвенционирани) цени.
- Би требало да се обезбеди поддршка за да се покријат трошоците за домување на сиромашните домаќинства кои имаат проблеми со плаќањето на нивните кирии или станбени кредити. За оние што живеат во живеалишта со премногу станари, би требало да се обезбедат простории каде што би се држеле организирани курсеви што ќе им помогнат да ги завршат своите домашни задачи.

- Во планот за Условни парични трансфери би требало да се интегрираат и политики за спречување на детскиот труд во времиња на економска криза . Покрај ова, би требало да им се понуди специјализирана поддршка на семејствата каде што најчесто се случува појавата на детски труд, какви што се земјоделските домаќинства, домаќинствата со пет или повеќе членови и ромските домаќинства.

Овие препораки би требало да се имплементираат низ соработка на јавниот и приватниот сектор со вклучување на агенциите и организациите ангажирани во промовирањето на заштитата и благосостојбата на децата.

На крајот, и учесниците во дискусиите на фокус групите за оваа студија ги понудија следните препораки за подобрување на нивната состојба за време на периоди на економска криза:

- Времетраењето и износот на социјалната помош треба да се зголеми.

- Би требало да се обезбедат дополнителни бенефиции и бесплатни услуги за децата кои живеат во домаќинства што се корисници на социјална помош.

- Надзорот на владата би требало да се зголеми за да се осигура дека се почитуваат правата на работниците во случаи на отпуштања.

- Субвенциите на владата би требало да се распределуваат поправедно и без никаква дискриминација на која било социјално ранлива група.

# БИБЛИОГРАФИЈА И РЕФЕРЕНЦИ


АБЦ 2009, „Загриженост дека финансиската криза би можела да предизвика страдање на сиромашните деца“ http://www.radioaustralia.net.au/asiapac/stories/200901/s2461209.htm

Агенција за вработување, Месечни статистички податоци, www.zvrm.gov.mk

Борнарова, С. и Геровска-Митев, М. (2009) *Социјална исклученост, етничката припадност и постарите луѓе во Македонија* (на англиски), Скопје: Филозофски факултет Универзитет Свети Кирил и Методиј

Центар за регионални истражувања и соработка (2004), „Извештај за ситуацијата со сиромаштијата во домувањето“ http://6thstar.com/studiorum/papers/Poverty.pdf

Де Вилдер, С. (2004) „Макроекономска политика за деца во ерата на глобализацијата“ во Г.А. Корниа (уредник) *Заузудување на глобализацијата во корист на децата,* УНИЦЕФ UNICEF Innocenti Research Center. 2004

Европска комисија (2008) *Детската сиромаштија и благосостојба во ЕУ,* Луксембург: Европска комисија

Еуростат (2009) http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/eurostat/home

Еванс, Г.В., Сегерт, С. и Харис, Р. (2001), „Резиденцијалната густина и психолошкото здравје кај децата од семејства со ниски приходи“, *Опкружувањето и однесувањето,* Том 33, Бр 2, стр. 165-180.

Фондација Фридрих Еберт (2009) *Влијанието на финансиската криза врз македонската економија и економската ситуација во македонските домаќинства,* Скопје: Фондација Фридрих Еберт

Георгиевски, Д. (2009), „Македонија: ефектите на глобалната криза“ во Вита Европа, 25.03.2009.

Гу, Д. и Морин, Е. (2005), „Ефектот на пренаселеното домување врз успехот на децата во училиште“ во The Journal of Public Economics, Том 89, стр. 797-819.

Харпер и други (2009), „Децата во времиња на економска криза: лекции од минатото, политики за иднината“, Background Note: Overseas Development Institute.

Закон за придонесите за задолжителното социјално осигурување, Службен весник на Република Македонија, 142/08

Ли, Џ.В. и Ри, К. (1998), „Социјалните влијанија на Азиската криза: предизвици и лекции за политиките“ труд подготвен за УНДП, United Nations Development Programme, Human Development Report Office.

МАПАС (2009) Понови случувања во задолжителното целосно финансирано пензиско осигурување www.mapas.gov.mk

МАПАС (2009), Месечен билтен, септември, Скопје: http://www.mapas.gov.mk/WBStorage/Files/Bilten%2009%202009.doc.pdf

Министерство за труд и социјална политика (2007), Регулативи за финансиската социјална помош за социјално загрозените граѓани, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/pravilnik_soc.pdf

Министерство за труд и социјална политика (2009), Оперативен план за активни програми и мерки за вработување: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP%202009%20PRECISTEN%20TEXT%2001.07.2009.doc
Министерство за труд и социјална политика (2009), Програма за реализација на социјалната заштита: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/PROGRAMA%20ZA%20socijalna%20zastita%20%20ZA%202009%20novo.doc
Министерство за труд и социјална политика (2005), Национална стратегија за вработување 2006-2010, Скопје: МТСП.

НБРМ (2009), Извештај за финансиската стабилност на Република Македонија во 2008, Скопје: www.nbrm.gov.mk

Новковска, Б. (2006), „Социо-економскиот статус на семејството како фактор за социјална исклученост од образованието и вработувањето кај лицата на возраст од 15 до 19 години". Необјавена магистерска теза, Филозофски факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Скопје

Зан, Д. (уредник) *Економската реформа и сиромашните во Африка,* Clarendon Press

Закон за социјална заштита, Службен весник на Република Македонија, Бр 79, 2009: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ZAKON%20ZA%20SOCIJALNA%20ZASTITA.doc

Солари, К. Д. и Маре, Р. (2007), „Ефектите на пренаселеното домување врз благосотојбата на децата" Труд презентиран на годишниот состанок на Американското Социолошко Здружение: http://www.allacademic.com/meta/p_mla_apa_research_citation/1/8/4/7/5/p184752_index.html

СПИЛ (2008), „Преглед на системот за социјална заштита во Македонија", Скопје: Проект на Светската банка.

Државен завод за статистика (2005) Истражување за користењето на времето, Извештај 2.1.5.23, http://www.stat.gov.mk/pdf/1-2005/2.1.5.23.pdf

Државен завод за статистика (2007) *Мултииндикаторско кластерско истражување*

Државен завод за статистика, www.stat.gov.mk

Стабз, П., со Арандаренко, М., Јоргони, Е. (2009) „Социјалното влијание на глобалната економска криза врз Западен Балкан" Бела книга за УНДП (нацрт верзија).

УНДП (2009) Анализа фокусирана врз луѓето, www.undp.org.mk

УНДП (2009) *Извештај за напредокот кон милениумските развојни цели,* Скопје: УНДП.

УНИЦЕФ (2007) *Студија за детската сиромаштија*, Скопје: УНИЦЕФ

УНИЦЕФ (2008) *Децата во пјр Македонија - Анализа на ситуацијата,* Скопје: УНИЦЕФ

УНИЦЕФ (2009) *Преглед на јавните расходи наменети за децата,* Скопје: УНИЦЕФ
http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MK_ChildFocusedPER_ENG.pdf

УНИЦЕФ (2009) „Агрегатни шокови, сиромашните домаќинства и децата: канали на трансмисија и одговори на политиките", Њујорк: Детски Фонд на Обединетите Нации (УНИЦЕФ), Менаџмент на политиките, поддршката и знаењето (ПАКМ), Оддел за политики и пракса

# АНЕКС

## ПРАШАЛНИК

Анкетар: ____________________________________________

Место:______________________________________________

Датум:______________________________________________

ПРАШАЛНИК
(одговара еден од родителите во семејството)

Почитувани,

Најпрво би сакал/а да се претставам и да ви објаснам накусо која е нашата цел. Се викам...................... и Ве поканувам да учествувате во истражувањето за влијанието на економската криза врз фамилијата во Македонија и особено децата. Ова истражување го спроведува Центарот за истражување и креирање политики заедно со локалната канцеларија на УНИЦЕФ. Анкетата ќе трае отприлика 30 минути, и информацијата која ќе се собере понатаму ќе служи како основа за подобрување на квалитетот на живот на децата во Македонија.

Дали би сакале да учествувате?
Дали сте вие родител? Доколу и двајцата родители се присутни дали може да ми кажете чив роденден е најблиску до денешниот датум? Тогаш би сакал да го/ја интервјуирам него/неа.

Сите информации кои ќе бидат внесени во прашалникот се анонимни и Вие на никаков начин нема да бидете поврзани со истите. Поради контрола на процесот на анкетирање би сакале да ве замолиме да ни го дадете вашиот домашен телефонски број. Во текот на денешниот ден можно е да ве контактира колега од Центарот за истражување и креирање политики и да ве праша за текот на анкетава.

Телефонски број ______________________________

Доколку сте спремни можеме да почнеме најпрвин со лесни демографски прашања.

## А) ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИ

**1.** Возраст:
1. 18-29
2. 30-49
3. 50-65
4. над 65

**2.** Пол:
1. машки
2. женски

**3.** Етничка припадност:
1. Македонец/ка
2. Албанец /ка
3. Турчин/ка
4. Ром/ка

**4.** Тип на семејство:
1. еднородителско (мајка)
2. еднородителско (татко)
3. брачен пар со деца
4. неформална заедница (невенчани) со деца
5. друго ________________________________________________

**5.** Број на членови во семејството:
1. од еден до три члена
2. од три до пет члена
3. над пет члена

**6.** Број на (сопствени) деца во семејството: (вклучувајќи деца од друг брак и посвоени кои живеат заедно со родителот)
1. едно
2. две
3. три
4. четири и повеќе

**7.** Број на деца по возраст во семејството (доколку има повеќе деца на иста или различна возраст да се дополни во линиите со бројка) :
1. Од 0-6 (________)
2. Од 7 до 14 (________)
3. Од 15-19 (________)

**8.** Образование на родителите (образование на испитаникот и неговата/неговиот партнер/ка):

| 8а. Татко: | 8 б: Мајка: |
|---|---|
| 1. нема | 1. нема |
| 2. некомплетно основно | 2. некомплетно основно |
| 3. основно | 3. основно |
| 4. некомплетно средно | 4. некомплетно средно |
| 5. средно | 5. средно |
| 6. вишо | 6. вишо |
| 7. високо | 7. високо |

**9.** Работен статус на родителите (работен статус на испитаникот и неговата/неговиот партнер/ка):

| 9а: Татко | 9 б: Мајка |
|---|---|
| 1. Вработен во приватен сектор | 1. Вработена во приватен сектор |
| 2. Вработен во државен сектор | 2. Вработена во државен сектор |
| 1. Самовработен | 3. Самовработена |

2. Невработен
3. Пензионер
4. Друго ____________________

4. Невработена
5. Пензионерка
6. Друго ______________________

**10.** Месечен приход на семејството:

10а: Татко
1. До 5500 ден.
2. Меѓу 5501 и 8000 денари
3. Меѓу 8001 и 13.000 денари
4. Меѓу 13.001 и 18.000 денари
5. Над 18.000 денари

10 б: Мајка
1. До 5500 ден
2. Меѓу 5501 и 8000 денари
3. Меѓу 8001 и 13.000 денари
4. Меѓу 13.001 и 18.000 денари
5. Над 18.000 денари

## Б) ИНФОРМАЦИИ ЗА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД НА СЕМЕЈСТВАТА

**11.** Дали примањата на вашето семејството се променија во текот на изминатите 12 месеци?

1. да, се зголемија
2. да, се намалија
3. да, станаа нередовни
4. не, останаа исти
5. друго___________________________________________________________

**12.** Дали во текот на изминатите 12 месеци некој член од вашето семејството изгубил работа (стална, сезонска, пола работно време, пријавена/непријавена итн) ?

1. да
2. не
3. друго ______________________________________________________

**13.** Дали трошоците во вашето семејството се зголемија во текот на изминатите 12 месеци?

1. да
2. не
3. друго ____________________________________________________________

**14.** Споредено со пред една година, дали имате проблеми со подмирување на месечните сметки (струја, вода, храна)?

1. да
2. не
3. друго ____________________________________________________________

**15.** Дали имате проблеми со подмирување на долговите позврзани со кредит, заем?

1. да
2. не
3. немам кредит,заем
4. друго______________________________________________________________

**16.** Дали имате финансиска сметка / книшка во Банка?

1. да
2. не

**17.** Дали семејството има некакви финансиски заштеди?

1. да
2. не
3. друго ______________________________________________________________

**18.** Кои се Вашите стратегии на снаоѓање/преживување во периоди на намалени семејни приходи (за време на невработеност, економска криза и сл.)?

1. трговија
2. градежништво
3. утовар-истовар, пренос
4. обработка на земјиште
5. одгледување добиток
6. работа по куќи
7. помош од роднини од странство
8. пензии од родители
9. никогаш не сум имал намалени семејни приходи
10. друго___________________________________________________

В) ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ДЕЦАТА

**19.** Дали децата редовно посетуваат образование?

1. да, градинка (оди на прашање бр. 22)
2. да, основно (оди на прашање бр. 22)
3. да, средно (оди на прашање бр. 22)
4. не, сите од децата не посетуват редовно ________________ (да се допише градинка, основно или средно) (оди на прашање бр. 20)
5. не посетуваат редовно ________________ (да се допише градинка, основно или средно) (оди на прашање бр. 20)
6. не посетуваат воопшто (оди на прашање бр. 20)

**20.** Кои се причините поради кои децата не посетуваат редовно или воопшто образование?

1. немање финансиски средства
2. немање можност за превоз до училиштето
3. работни обврски во семејството
4. друго ____________________________________________________

**21.** Дали нередовноста/непосетеноста на образованието се случи во изминатите 12 месеци:

1. да, превозот стана поскап
2. да, учебните материјали станаа поскапи
3. да, вкупните семејни трошоци се зголемија
4. не
5. друго _____________________________________________________

**22.** Дали за потребите на оваа учебна година ги подмиривте сите училишни потреби на децата (училишна ташна, прибор, тетратки и др.)

1. да, во целост
2. да, делумно
3. не
4. друго ____________________________________________________ __

**23.** Дали просечниот успех (оцените) од училиште на Вашето дете се промени во текот на изминатите дванаесет месеци во споредба со претходните години?

1. не, остана ист
2. да, се влоши
3. да, се подобри
4. друго____________________________________________________ ____

**24.** Дали ќе може да му овозможите на Вашето дете/деца да продолжи со образованието понатаму?

1. Да, на сите додека имаат интерес
2. Да, но делумно, не за сите деца
3. Не, поради финансиски причини
4. Не, поради семејни обврски
5. Друго ________________________________________________

## Г) ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИОТ СТАТУС И ИСХРАНАТА НА ДЕЦАТА

**1.** Дали децата се здравствено осигурени?

1. да, сите (оди на прашање бр. 27)
2. да, делумно (не сите деца) (оди на прашање бр. 26)
3. не (оди на прашање бр. 26)
4. друго ________________________________________________

**2.** Кои се причините поради немање здравствено осигурување на децата?

1. невработеност на родителите
2. нерегистрираност во Агенцијата за вработување
3. немање соодветни документи (извод на родени за деца, државјанство и сл.)
4. друго________________________________________________

**3.** Дали децата во текот на изминатите 12 месеци имале редовна здравствена контрола? (вклучувајќи и стоматолог)

1. да
2. не
3. друго ________________________________________________

**4.** Дали децата во текот на изминатите 12 месеци редовно биле вакцинирани?

1. да
2. да, но не сите деца
3. не
4. не, немало потреба (не бил период за вакцинирање)
5. друго ________________________________________________

**5.** Дали исхраната на Вашето дете/деца во изминатите 12 месеци вклучуваше редовни (барем еден топол и ладни) оброци?

1. да
2. да, но само ладни оброци
3. не
4. друго________________________________________________

**6.** Кои се причините поради кои не сте обезбедиле редовна здравствена контрола и исхраната на Вашето дете/деца во изминатите 12 месеци? (за оние кои на прашањата 27,28 и 29 одговориле под 2,3 или 4)?

1. Немање доволно финансиски средства
2. Немање соодветни услови (опрема, здравствени картони, превоз)
3. Немање доволно време
4. Друго ________________________________________________

**7.** Колку часа дневно поминувате заеднички со вашето дете/деца?
1. од 1-2 часа
2. од 2 до 4 часа
3. од 4-6 часа
4. повеќе од 6 часа

**8.** Дали должината на заеднички поминатото време меѓу Вас и децата се променило во текот на изминатите 12 месеци?
1. да, се намали (оди на прашање бр. 33)
2. да, се зголеми (оди на прашање бр. 34)
3. не, остана исто (оди на прашање бр. 34)
4. друго ____________________________________________________

**9.** Поради кои причини должината на заеднички поминатото време меѓу Вас и децата се променило во текот на изминатите 12 месеци?
1. зголемени обврски на работа
2. зголемени обврски поврзани со барање на работа
3. зголемени обврски надвор од семејството
4. незнам
5. друго_______________________________________________________

**10.** Дали во изминатите 12 месеци имавте време за помош на Вашето дете околу училишните обврски?
1. да (оди на прашање бр. 36)
2. не (оди на прашање бр. 35)
3. друго _______________________________________________________

**11.** Поради кои причини во изминатите 12 месеци немавте време за помош на Вашето дете околу училишните обврски?
1. тоа е обврска на другиот родител
2. зголемени обврски на работа
3. зголемени обврски поврзани со барање на работа
4. зголемени обврски надвор од семејството
5. незнам
6. друго_______________________________________________________

**12.** Дали во изминатите 12 месеци имавте време за заедничка посета со вашето дете/деца на кино, претстава, концерт или некој друг вид културна манифестација?
1. да (оди на прашање бр. 38)
2. да, тие беа со другиот родител, но јас не (оди на прашање бр. 37)
3. да, тие беа самостојно, без родителите (оди на прашање бр. 37)
4. не (оди на прашање бр. 37)
5. друго_______________________________________________________

**13.** Поради кои причини во изминатите 12 месеци немавте време за за заедничка посета со вашето дете/деца на кино, претстава, концерт или некој друг вид културна манифестација?

1. поради финансиски причини
2. тоа е обврска на другиот родител
3. зголемени обврски на работа
4. зголемени обврски поврзани со барање на работа
5. зголемени обврски надвор од семејството
6. незнам
7. друго_______________________________________________________

**14.** Дали  децата беа на летен годишен одмор оваа и претходната година?

1. Да, и оваа и претходната
2. Да, но само претходната, оваа не
3. Не
4. Друго ______________________________

**15.** Дали во изминатите 12 месеци вашето дете/ деца се вклучија во помагање и извршување на работни активности во или надвор од семејството ?

1. да
2. да, но тоа го прави од претходно
3. не
4. друго______________________________

**16.** Дали во изминатите 12 месеци зе зголеми должината на времето кое вашето дете/ деца го поминува надвор од домот (во игра, посета на пријатели и сл.)?

1. да
2. не
3. незнам
4. друго______________________________

## Д) ИНФОРМАЦИИ ЗА УСЛОВИТЕ И КВАЛИТЕТОТ НА ДОМУВАЊЕ ЗА ДЕЦАТА

**17.** Колку соби има домот во кој живеете?

1. Една
2. Две
3. Три
4. Четири
5. Пет и повеќе
6. Друго ______________________________

**18.** Дали вашите деца имаат сопствена соба или простор во домот во кој спијат/учат?

1. да, сопствена детска соба
2. да, но ја дели со другите деца _________ (бр. на деца со кои ја дели собата)
3. не
4. друго______________________________

**19.** Дали Вашето семејство живее самостојно игли ги дели просторите со друго домаќинство?

1. Живееме самостојно
2. Живееме заедно со нашите родители (баба.дедо)
3. Живееме заедно со уште две други домаќинства
4. Живееме заедно повеќе од три домаќинства
5. Друго ______________________________

**20.** Дали во текот на изминатите 12 месеци ги намаливте издатоците за некои прозиводи во домот?

1. Да, издатоците за лична хигиена (сапун, забна паста, прашок)
2. Да, издатоците за одржување на домот
3. Да, издатоците за комуналии (струја, вода)

4. Да, издатоците за купување покуќнина
5. Да, издатоците за излегување надвор (ресторани, културни манифестации и др.)
6. Не
7. Друго ____________________________________________

**21.** Дали во текот на изминатите 12 месеци ги намаливте издатоците за некои од потребите на децата?

1. Да, издатоците за школски прибор
2. Да, издатоците за облека и обувки
3. Да, издатоците за дополнителни вон-школски активности (курсеви по странски јазик и др.)
4. Не
5. Друго ____________________________________________

[1] This figure was taken from the SSO official statistics for 2009, and not from Eurostat

